ЕПИСКОП СТОБИСКИ ЈАКОВ

МИСТИЧНИОТ И ЛИТУРГИСКИ ЖИВОТ ВО ДЕЛАТА НА СТАРЕЦ ЕМИЛИЈАН СИМОНОПЕТРИСКИ

СОВРЕМЕНО АСКЕТСКО БОГОСЛОВИЕ

Книга прва: Епископ Стобиски Јаков

Мистичниот и литургиски живот во делата на Старец Емилијан Симонопетриски

Издавач: Наследство на пустината - Институт за духовно и монашко наследство на Балканот

Едиција: Современо аскетско богословие

Книга прва: Епископ Стобиски Јаков - Мистичниот и литургиски живот во делата на Старец Емилијан Симонопетриски

Уредник: проф. д-р Владимир Вукашиновиќ крстоносен протопрезвитер

Рецензенти:
проф. др Георгиј, Митрополит дебарско-кичевски
проф. др Србољуб Убипариповиќ, презвитер
доц. др Никола Лукиќ, ѓакон

Превод од српски на македонски: проф д-р Ана Витанова Рингачева и м-р Сузана Мицева

Лектура: монах Пантелејмон (Георгиевски)

Графички дизајн: Епп Студио

Печати: Печатница Бранко Гапо, Скопје

Тираж: 1000

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

271.2-788-055.1:929Емилијан Симонопетриски, старец
271.2-788-055.1-584Емилијан Симонопетриски, старец
271.2-788-055.1-4Емилијан Симонопетриски, старец
271.2-788

ЈАКОВ, епископ Стобиски
Мистичниот и литургиски живот во делата на старец Емилијан Симонопетриски / епископ Стобиски Јаков ; [превод од српски на македонски Ана Витанова Рингачева и Сузана Мицева]. - Струмица : Наследство на пустината, 2026. - 111, 93 стр. : илустр. ; 25 см. - (Едиција Современо аскетско богословие ; кн. 1)

Насл. стр. на припечатениот текст: Мистички и литургијски живот у делима старца Емилијана Симонопетрита / епископ Стобијски Јаков. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивна насока. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 98-102

ISBN 978-608-67476-0-2

а) Емилијан Симонопетриски, старец, 1934-2019 -- Биографии б) Емилијан Симонопетриски, старец, 1934-2019 -- Духовен живот в) Емилијан Симонопетриски, старец, 1934-2019 -- Богословие г) Православно монаштво

COBISS.MK-ID 67946501

Епископ Стобиски Јаков

МИСТИЧНИОТ И ЛИТУРГИСКИ ЖИВОТ ВО ДЕЛАТА НА СТАРЕЦ ЕМИЛИЈАН СИМОНОПЕТРИСКИ

Струмица, 2026

СОДРЖИНА

ВОВЕДНО СЛОВО . . . 7

ПРЕДГОВОР . . . 9

ВОВЕД . . . 17

ЖИВОТОТ НА СТАРЕЦ ЕМИЛИЈАН . . . 19
- Раѓање и потекло . . . 19
- Образование . . . 21
- Почеток на монашкиот живот . . . 23
- Почеток на мистичниот живот . . . 24
- Игумен на Метеорите и татко на монаштвото . . . 26
- Преселба на Света Гора и обнова на Симонопетра . . . 28
- Духовно раководство . . . 29
- Болест и повлекување . . . 30
- Последните години и упокојувањето . . . 31

АНТРОПОЛОГИЈАТА НА ОТЕЦ ЕМИЛИЈАН . . . 33
- Создавањето и првобитната состојба на човекот . . . 33
- Падот и последиците од падот . . . 35
- Болестите и страстите на современиот човек . . . 37

ЛИТУРГИСКИ ЖИВОТ . . . 41
- Светата Литургија во монашкиот живот . . . 42
- Подготовка на свештенослужителот за богослужба . . . 48
- Епитрахил и бројаница: Исихастичката димензија на свештенослужењето . . . 55

МИСТИЧНИОТ ЖИВОТ . . . 60
- Живот во подвиг . . . 63
- Покајание: лично и светотаинско враќање кон Бога . . . 65
- Туѓинување . . . 73
- Послушание . . . 75
- Земање доброволен и благодарствено прифаќање на неволниот крст . . . 79
- Умносрдечна молитва . . . 81
- Интеграција на исихастичката практика во општежитието . . . 85
- Додаток: духовни увидувања и богословски созерцанија на старците Емилијан и Софрониј . . . 88

ЗАКЛУЧОК . . . 95

БИБЛИОГРАФИЈА . . . 98
- Скратеници . . . 98
- Извори . . . 98

ЛИТЕРАТУРА . . . 100
- Кирилични изданија . . . 100
- Латинични изданија . . . 101

ВОВЕДНО СЛОВО

Книгата **„Мистичкиот и литургискиот живот во делата на Старец Емилијан Симонопетриски“** на епископот Стобиски Јаков, во својата суштина претставува плод на неговиот постдипломски труд, кој Преосвештениот Владика го одбрани со највисоки пофалби на Православниот богословски факултет при Универзитетот во Белград. Во ова дело, епископот Јаков се зафатил – и, ќе ми биде дозволено уште на самиот почеток да кажам, навистина успеал – да го осветли богословието и духовното искуство на Старец Емилијан преку двојната, заемно испреплетена и нераздвојна призма на единството меѓу исихастичкиот и литургискиот живот во Црквата Божја. Тоа го прави во време кога духовниот живот и богословието, за жал, често стојат разделени – не само во црковната практика, туку и во поединечни богословски визии на современото доба. Студијата ни открива дека нивната нераскинлива поврзаност не е само можно богословско усогласување, туку суштински предуслов за вистинско богопознание.

Со ова свое дело, епископот Јаков се придружува на сè побројната плејада современи православни богослови кои се стремат да го повратат и возобноват духовниот и евхаристискиот темел на теологијата – кој е нејзина главна содржина и смисла. Делото сведочи дека православната мистичка традиција е нераскинливо сврзана со евхаристиското искуство, а дека евхаристиското искуство, лишено од аскетскиот подвиг – не само како подготовка, туку и како траен животен облик – останува непотполно.

Оваа книга е, во исто време, и израз на благодарност и молитвена средба со Старец Емилијан, чии вдахновени зборови, многу наши современици ги вратија, а некои од нив за прв пат ги воведоа во молитвениот живот на Црквата.

Долги години, потпишаниот на овие редови со страв Божји стои пред, барем за него, сè уште неразјаснета тајна: како и зошто богословието и духовното учење на Старец Емилијан – за кое длабоко сум уверен дека претставува еден од највисоките духовни подеми и најдлабоки увиди на православната теологија во нашево, и не само нашево, време – останува, на некој начин, засенето и скриено од очите на современиот христијански свет. Ваквите книги, како оваа, треба да придонесат за надминување на таквата состојба.

Со радост и благодарност што можевме да сведочиме како во авторот на ова дело постепено се преплетуваат творечкиот напор и внатрешната преобразба – зашто средбата со Старец Емилијан неизбежно го преобразува човекот – ја предаваме оваа книга во рацете на читателите. Нека таа биде поттик секој од нас да го продлабочи своето разбирање на духовната и евхаристиската традиција, та сите заедно да сведочиме дека богословието е живо само тогаш кога се раѓа од молитвената, лична и заедничка, подвижничка средба со Бога.

Проф. д-р Владимир Вукашиновиќ
Протопрезвитер-ставрофор
во манастирот Месиќ
1 ноември 2025 година

ПРЕДГОВОР

Многу се израдував кога разбрав дека тема на магистерскиот труд на најбогољубивиот епископ Стобиски Јаков, мое духовно чедо – во Христос, е „Мистичниот и литургиски живот во делата на старец Емилијан Симонопетриски“, а сега ја имам и честа да го напишам предговорот на книгата што од тој труд произлезе – за што многу му благодарам.

Црквата е жив богочовечки организам, чија што Глава е Христос, и ништо што се случува во неа не е самостојна појава, туку е во жива, нераскинлива, врска со сите делови на нејзиното Тело. Така и возобновувањето на општежителниот светогорски монашки живот на почетокот од седумдесетите години од минатиот век, во скоро сите манастири – приближно во исто време, воопшто не е случајно. Прво, тоа е посебен дар на Божјата благодат, добиен преку Пресветата Владичица наша Богородица, а потоа е и наш, човечки, подвиг. И во овој процес, јас, забележувам една редовна и една вонредна појава, нешто како вонредната и редовната благодат; но Светиот Дух Господ, Кој ги раководи овие појави – за надградба на Црквата, Е еден и ист.

Од една страна, тука е делото на светиот старец Јосиф Исихаст и неговите ученици: старец Ефрем Филотејски и Аризонски, старец Харалампиј Дионисијатски и старец Јосиф Ватопедски, а од друга страна, тука е делото на старецот за кого говориме – Емилијан Симонопетриски, делото на старецот Георгиј Григоријатски, како и делото на старецот Алексеј - катигумен на манастирот Ксенофонт, кое сѐ уште, Му благодариме на Господ, трае.

Старец Ефрем го возобнови општежителното монаштво прво во манастирот Филотеј, па потоа и во манастирите Кутлумуш, Ксиропотам и Костамониту. Старец Харалампиј, според мене недоволно истакнат

духовник, а еден од најголемите исихасти од тоа време, го возобнови општежителното монаштво во манастирот Дионисијат. Старец Јосиф – помладиот, го возобнови општежителното монаштво во манастирот Ватопед. Овие старци се редовен светогорски пород. Нивниот придонес беше главниот ударен бран на возобновувањето. Под влијание на нивниот подвиг почна да се возобновува општежителниот монашки живот и во другите светогорски манастири, а особено во манастирот Хилендар, кога за негов игумен беше избран старец Паисиј Хилендарски.

Покрај оваа редовна појава, на Света Гора се случи и нешто вонредно. Одредени манастири свесни дека идиоритмискиот манастирски живот не е соодветен за општежителните манастири, а гледајќи ја истата желба за возобновувањето на општежителниот и во другите манастири и поттикнати од истиот Дух, одлучија да повикаат на Света Гора духовници однадвор. Така, отците од Симонопетра го повикаа старецот Емилијан Вафидис - со неговото братство за да се возобнови општежителниот начин на живот во нивниот манастир. Додека, отците од манастирот Григоријат го повикаа старецот Георгиј Капсанис - со неговото братство, за да се возобнови општежителниот начин на живот во нивниот манастир. Старецот Георгиј беше мој духовник. Во манастирот Ксенофонт дојде старецот Алексеј – со неговото братство. Истиот пример го следеше и манастирот Пантократор – во кој, нови дванаесет монаси доаѓаат со благослов од манастирот Ксенофонт, како и останатите светогорски манастири. До почетокот на деведесетите години од дваесетиот век, целиот процес на возобновување на општежителното монаштво на Света Гора беше завршен.

Неколку години претходно, отците од Ставроникита го прифатија старецот Василиј Гондикакис – ученик на старец Паисиј Светогорецот и со негов благослов, за да се возобнови општежителниот начин на живот во нивниот манастир, а потоа истото се случи, под негово раководство, и во манастирот Иверон. Старецот Василиј е малку посебен случај од горенаведените – тој е како претеча на возобновеното општежително

монаштво, но делува во истиот Свет Дух. За него, исто, би требало и вреди да се напише посебна книга; особено што и тој беше плоден писател.

На опишаниот начин се возобнови целото светогорско монаштво, а преку него и монаштвото во скоро целата Православна Црква, каде и да беше таа географски распространета. Нормално, Господ секогаш си сочувал Свои луѓе кои не ги приклониле своите колена пред Ваал и кои светеле како град на врв на планина, какви што беа - на нашите блиски простори, преподобниот отец наш Јустин Ќелиски, преподобниот отец наш Гаврил Велички и отец Тадеј Витовнички. Со исто такво посебно значење, надвор од општежителниот живот, на Света Гора, отприлика во ист временски период, беа старец Ефрем Катунакиотски, старец Порфириј и веќе спомнатиот - старец Паисиј.

На ова место би сакал само да нагласам дека исихазмот, т.е. молитвеното тихување на умот во човековото срце – во Бог, како суштина на монашкиот подвиг, се шири таму каде што има мир и услови за тихување, но во исто време може да е и подготовка за немирни времиња – кои без исихазмот не би ги преживеале, без да ја изгубиме верата. Исихазмот е и услов за постоење на овој свет, услов за делување на Божјиот Домострој на спасението во него; услов за постоење на самата Црква – во овој свет. Затоа е секогаш прогонет и несфатен.

Но, да се вратиме на светителот на Црквата за кого е напишана книгата што ја држиме во нашите раце – старец Емилијан Симонопетриски. Се надевам на неговите свети молитви да напишам нешто душеполезно, без многу да згрешам.

Очигледно е, во случајот на старец Емилијан, дека се работи за посебна Божја посета – исто како и во случајот со старец Силуан Атонски. Него Божјата несоздадена светлина го осенува во почетниот период од неговиот монашки живот, кога чувствувал голема богооставеност. Но, периодите на богооставеност, кога човек не гледа никаква утеха околу себе, а сепак продолжува со подвигот, дури и уште повеќе, се, всушност, периодите кога духовно растеме или поминуваме од еден на друг степен од духовниот развој. Такво е однесувањето на децата Божји – даваат без

да бараат. А колку поголем Крст, толку поголемо Воскресение. Убаво го забележува овој момент од житието на старец Емилијан, епископот Јаков:

„И токму во овој момент на длабока криза, отец Емилијан доживеал мистично искуство кое целосно го преобразило неговиот живот. Иако никогаш директно не зборувал за ова искуство, индиректни описи можеме да најдеме во неговите подоцнежни проповеди. Еднаш тој раскажува за „монахот“ (очигледно мислејќи на себе) кој доживеал необично искуство:

Една ноќ, борејќи се да земе воздух, го отворил прозорецот на својата ќелија. Било мрачно – околу три часот наутро. Во својот голем умор, веќе се подготвувал да го затвори прозорецот, надевајќи се дека барем неколку моменти ќе одмори. Но токму во тој момент, сѐ околу него како да заблескало – дури и темнината надвор! Погледнал да види од каде доаѓа таквата светлина, но не доаѓала од никаде. Темнината, која сама по себе не постои, станала светлина, иако неговото срце останало во темнина. А кога се свртел, видел дека и келијата му станала светла!... Сѐ било јасно како ден. Ништо не било скриено во мракот. Сѐ било во светлина: дрвените греди и прозорците, црквата, земјата по која чекорел, небото, изворот вода што непрекинато течел, штурците, светулките, ноќните птици – сѐ се гледало, сѐ! И ѕвездите се симнале, и небото се симнало, и му се чинело дека сѐ – земјата и небото – станало како рај!... И сите заедно пееле молитва [т.е. срцата], сѐ било во молитва. И срцето му се отворило чудесно и заиграло; почнало да чука и несвесно учествувал во истата молитва; нозете едвај ја допирале земјата. Не знаел како ја отворил вратата и влегол во црквата, ниту кога се облекол; не знаел ни кога останатите монаси пристигнале, ни кога почнала Литургијата... Литургијата продолжила. Евангелието било прочитано. Светлината повеќе не била само околу него, туку свила гнездо во неговото срце. Литургијата завршила, но песната што започнала во неговото срце била бескрајна.“

Што да прават светителите? Од една страна сакаат да го задржат скриен својот подвиг - исто како што манастирската соборна црква е

скриена од конаците на манастирот, како што нашето духовно срце е скриено во градите; и како што и нашиот молитвен подвиг е скриен од очите на луѓето, а од друга страна, даден им е да го споделат - како поука за наше спасение, па затоа пишуваат во трето лице – како тоа да му се случило на некој друг. Да видиме, прво, што светиот старец Емилијан има да ни каже за умно-срдечната молитва, од негов личен опит.

Од него ќе чуеме дека „Исихазмот (молитвеното тихување на умот во срцето) го постигнал тоа, Бог да живее со нас на таков начин што можеме да Го примаме, а да не умреме. Исихазмот е нашиот пат кон обожението". И уште, едно многу смело тврдење – кое мене многу ми се допаѓа, а тоа е, дека сите други облици на молитва, освен молитвеното тихување на нашиот ум во срцето, односно, освен умно-срдечната молитва, претставуваат само обиди да се дојде до вистинската молитва. Затоа, главен наш обид и подвиг останува молитвеното насочување на енергијата на нашиот ум кон областа на нашето срце, со надеж дека еден ден тоа ќе се отвори за умно-срдечната молитва, подвиг без кој никој не би можел да каже дека води православен духовен живот.

Исто како и сите свети отци исихасти и тој ни го посочува срцето, кое е духовен центар на човековото битие, како место каде што нашиот ум се среќава и разговара со Бог. Но, притоа, Бог се жалости од расејаноста на енергијата на нашиот ум и нашата непосветеност Нему и затоа старецот забележува: „Бог го сака сиот наш ум и не поднесува тој да е поделен"... Затоа, нашиот ум нека биде сосема празен (од сите помисли, фантазии и каква било друга расеаност и собран во Христос) за да може да биде запоседнат од Христа, и да се исполни со Бога". Ако човековото срце не е очистено и отворено за умно-срдечната молитва, тоа покажува дека човек од некоја своја страст направил идол во него, како што и „надвор од Црквата сѐ може да стане идол и бог наместо Бога, дури и подвигот и покајанието".

Но, главен услов, без кој што е невозможен подвигот на молитвеното тихување во Црквата Христова, е ставањето на умот во процес на исцеление преку послушание на духовниот отец – Епископот на

локалната Црква или нему послушен духовник. Секој христијанин што уште го чисти своето срце од страстите, треба да го восогласи начинот на својот живот со степенот од својот духовен развој, што значи треба да влезе во послушание. Но, видете кои димензии на послушанието ни ги открива старец Емилијан:

„Монахот кој оди по патот на послушанието , по стапките на светите отци на Црквата, и живее во ова мистично искуство на богочовечко соединување во љубовна заедница со Живиот Бог, го проширува своето срце до таа мера што во него, покрај Бога, може да го смести сето создание и целиот свет, станувајќи соборен човек, како што вели отец Емилијан“.

Друг, неизбежен услов се волните и неволните страдања, посебно кога при нивното трпење и надминување, пред сѐ, ја бараме Божјата, а не човечката правда. Преземањето на вината за секое зло во овој свет на себе, а не само за она што ни го прават, како и покајанието за истото, ја собира молитвено енергијата на нашиот ум во срцето. Ова, старецот Емилијан, ни го потврдува со една реченица: „Болката и страдањето го фокусираат умот, насочувајќи го кон срцето“.

И уште, како секој свет човек, и старец Емилијан знае дека ние се сметаме за ништо, додека Христос ни е сѐ; и дека без соодветно смирение ние не можеме да Му пристапиме; не можеме ни да Му се доближиме без „Свеста за тоа дека човекот ја промашил својата цел и смислата на постоењето“, што карактеристчно го нарекува „потпис на сопствениот неуспех“.

Уште од моментот кога ја прочитав кованицата „соборен човек“ сфатив дека за старец Емилијан Литургијата и умно-срдечната молитва се неразделни. Очигледно е дека и за старец Емилијан умно-срдечната молитва е внатрешно духовно покритие за официјалните свештенички чинови што ги носиме; таа е тоа внатрешно есхатолошко и новозаветно свештенство кое сите го добиваме од моментот на Крштението – преку кое делува Божјиот Домострој на нашето спасение во овој свет. Тој тоа и го докажува во напишаното од него.

Тој, во своите списи, тврди дека само оној кој се моли со Исусовата молитва непосредно пред богослужењето може да смета дека вистински учествува во Литургијата и дека ја разбира. „Со Исусовата молитва ги стекнуваме сите Божји права и истовремено се уподобуваме на Христос, затоа што тоа е смислата на молитвата. Како што Христос стана Свештеник, но и Јагне, така и ние стануваме свештеници и принос". Со дообјаснување: „за да можеме со името Исусово да принесуваме благопријатни жртви" – „свештенодејство на олтарот на монашкото срце"; или „на жртвеникот на неговото срце". Затоа и подготовката за свештенство зависи „од подготовката на срцето, така што тоа во себе може да го прими Божественото". „Служителот треба да го знае тоа, да го цени и да биде решен да напредува, бидејќи ако таа средба не се случи, тој не може да ја служи Литургијата". Па, дури тврди и дека: „без соодветна аскетско (исихастичка) подготовка, и самото причестување е непотполно и бесцелно".

Старец Емилијан ни остава силно сведоштво и со слово и на дело дека само преку просветленоста на умот која произлегува од умно-срдечната молитва преданието на монашкиот живот ќе опстане: Просветлениот човек, односно неговиот ум, станува учесник во несоздадените енергии на Светиот Дух и тогаш, „во Неговата Светлина ја гледа светлината". Тоа е од суштинско значење за опстанокот на секоја монашка заедница: „Затоа, опстанокот на една монашка заедница е прашање на опстанокот на личностите, бидејќи тие треба да Го придобијат Светиот Дух. Може да има многу монаси во еден манастир, а манастирот да згасне за пет години. Но, еден или двајца свети монаси можат да го спасат манастирот и тој да живее илјада години и повеќе. И ќе завршам со најсимпатичниот дел од неговото учење, а тоа е за подвижничкиот живот како игра, но наша игра на страна на Бог, против ѓаволот: „Бог го повикал човекот да учествува во „играта на усовршувањето на тварта". Главното наше „оружје" во таа игра е светата Литургија; кој не игра со неа, кој конкретно не учествува во неа – причестувајќи се редовно, игра против Бог на страна на демонот. Старец Емилијан дури тврди дека „Литургијата не

би постоела без неизвесност, борби, колебања и падови“. Тој посебно ги нагласува космичките димензии на Литургијата, која посредно се принесува и за цел свет – за живот на светот.

За сето ова што само го спомнав, а и многу повеќе, ќе прочитате во самата книга која срдечно ја препорачувам.

По молитвите на светиот старец Емилијан, Господи Исусе Христе, помилуј нè!

Митрополит Струмички Наум

„Кој беше тој? Исповедник Христов, втор Јов, ретка убавина на монах, исполнител на љубовта, човек сакан од сите, ангел во тело, око полно со солзи, ум љубител на учењето, обогатен со божествено знаење, оној со многу смиреноумие и богат со разумност, оној кој „можеше да ја користи подеднакво и десната и левата рака" (сп. Суд. 3:15) – во однесувањето, во духовното и во видливото, вистински водич и вистински Отец."

Архимандрит Елисеј Симонопетритски[1]

ВОВЕД

По искушенијата на либералната теологија и нејзините погубни последици – потиснувањето на аскетската димензија на црковниот живот од нејзиното секојдневие, негирањето на суштинското значење на богослужбениот и молитвениот живот за идентитетот на христијанинот, од една страна, и појавата на анимозитет кон интелектуалниот и образовниот подвиг, сведувањето на сите длабочини и широчини на христијанското богословие на неколку опскурни тези и осиромашена духовна пракса, од друга страна - Православната црква во современиот свет се наоѓа на една своевидна значајна крстосница.

Од тоа каков став ќе заземе, ќе зависи нејзината иднина: богословска, духовна и пастирска. Еден од најсериозните патокази и примери што можат да помогнат во правилното насочување на црковниот живот и заземањето исправен и длабоко предањски став кон сите актуелни прашања е богословието и духовната пракса на блаженоупокоениот архимандрит Емилијан Вафидис, игумен на манастирот Симонопетра на Света Гора, голем богослов на Христовата Црква и обновител, втемелител и мистагог на монашкиот живот во машките и женските манастирски заедници. Големината на овој подвижник и богослов јасно ја согледал и за него оставил драгоцено сведоштво и нашиот незаборавен учител

---

[1] Arhimandritul Elisei egumenul Sfintei Mănăstiri Simonos Petras, „Cuvântul la slujba de înmormântare a lui gheronda Emilianos Simonopetritul", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, *Aşteptarea lui Dumnezeu despre boală, suferinţă şi moarte*, trad. Ierom. Agapie (Corbu), (Arad: Sf. Nectarie, 2019), 8.

на богословието и молитвениот живот, епископот Атанасиј: „Старец Емилијан е прав, изворен, вистинит човек, Божји, христолик и боголик. Тој е таков и поради даровите што Бог му ги дал, како на Своја икона, но и поради новите дарови на благодатта на Светиот Дух, што сам ги привлекол кон себе со својата длабока вера, пламена молитва, подвиг и изучување."[2]

Тоа е основната причина што нè поттикна, во договор со менторот на овој труд, да го избереме токму неговото богословско наследство како предмет на нашето истражување. Веруваме дека подоброто запознавање со теолошкото наследство на отец Емилијан ќе помогне не само во обновата на современото монаштво, туку и во други важни аспекти од црковниот живот за кои подетално ќе стане збор во нашиот труд.

---

[2] Атанасије Јевтић, „Предговор" у: Степени духовног живота од пада до вечности: поуке и речи, (Краљево: Манастир Жича, 2022), 5.

ЖИВОТОТ НА СТАРЕЦ ЕМИЛИЈАН

Архимандрит Емилијан Симонопетриски (5 октомври 1934 – 9 мај 2019) се смета за еден од најважните столбови на современото православно монаштво. Неговиот живот и неговото дело оставиле длабока трага не само на Света Гора, туку и во поширокиот православен свет. Како игумен на манастирот Симонопетра, Старецот одиграл клучна улога во духовната ренесанса на светогорското монаштво во втората половина на 20 век. Неговите духовни поуки, засновани врз лично искуство[3] и длабоко познавање на светоотечкото предание, инспирирале и сѐ уште инспирираат илјадници верници ширум светот.

Биографијата што ја подготвуваме има за цел да ги прикаже клучните етапи од животниот пат на старец Емилијан, со посебен акцент на неговото мистично искуство и неговата духовничка служба. Исто така, неговиот живот ќе го разгледаме во поширокиот контекст на црковните и општествените случувања во втората половина на 20 век. Посебно внимание ќе му посветиме на неговиот придонес во обновата на монаштвото и монашкиот живот, како и на непроценливото духовно богатство зачувано во неговите беседи, поуки, монашки мистагогии и катихези.

Раѓање и потекло

Александар Вафидис, идниот старец Емилијан, е роден на 5 октомври 1934 година во Никеја, предградие на Пиреја.[4] Неговите родители,

---

[3] Arhimandritul Ieronim Simonopetritul, „Prolog",u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Casa lui Dumnezeu poarta cerului, despre monahism, stareț și ucenic, trad. Ierom. Agapie (Corbu), (Arad: Sf. Nectarie, 2022), 7.

[4] Maximos Simonopetrites, „Introduction", in The Way of the Orthodox spirit : Reflections on life in God, (Athens: Indiktos, 2009), XI.

Христос и Димитра, биле побожни луѓе. Семејството потекнува од Мала Азија – бабата и дедото по татко биле бегалци од областа Кападокија, принудени да ја напуштат својата татковина по грчко-турската војна и размената на населението во 1922–23 година.[5]

Дедото Александар бил учител кој ја завршил Богословијата на прочуената Богословска школа Халки. Иако биле брачна двојка, тој и неговата сопруга Евдокија живееле како монаси – со пост и постојана молитва. Од нив младиот Александар ги добил првите поуки за верата и духовниот живот. Особено силно влијание врз него имала неговата баба Евдокија, која по смртта на својот сопруг се замонашила и го зела монашкото име Евтаксија.[6]

Тешко е да се опише големото влијание што баба му и дедо му го имале врз младиот Александар. Биле луѓе кои доаѓале од Кападокија – културен и духовен центар на христијанството, со корени уште од времето на големите ерарси и раното христијанство. Тие припаѓале на едно, денес речиси изгубено време, кога секој дом претставувал мала црква, со свој посебен, речиси монашки типик, во ритамот на литургискиот живот. Секој ден бил исполнет со пост, молитва, богослужба и читање на житијата на светителите. Дедото и бабата на Александар припаѓале на едно време и простор во кое верата била неразделна од животот – нешто што модерната криза, војните и историските текови сериозно го потиснале.

Затоа идниот старец Емилијан чувствувал толку силна врска со својот дедо и баба, и сметал дека тие имале најголемо влијание во неговото воспитување и духовен развој.[7] Неговите родители, секако, имале важна улога, но нивниот историски контекст – кризите, емиграциите и предизвиците од започнувањето нов живот во нова земја – направиле да не бидат толку силно поврзани со духовниот живот и со животот во

---

[5] Maximos Simonopetrites, „The Life and Teachings of Elder Aimilianos of Simonopetra," The Orthodox Word 296, No 3 (2014): 106-110.

[6] Serapion Simonopetritis, „Biographical details by Hieromonk Serapion Simonopetritis," Pemptousia, 9 May, 2019,https://pemptousia.com/2019/05/elder-aimilianos-simonopetritis-has-departed-this-life/.

[7] Maximos Simonopetrites, „TheLifeand Teachings of Elder Aimilianos of Simonopetra," 107-109.

Црквата. Тоа го надоместувала неговата баба, со која престојувал во тој бурен период, и која го вовела во тој таинствен и величествен духовен свет, исполнет со молитва, богослужение, читање духовна литература и подвиг.[8]

Мора да се истакне дека детството на идниот старец минало во тешки услови. Тоа бил период на големи превирања во Грција – економска криза, Втората светска војна и германската окупација, а потоа и несреќната крвава граѓанска војна (1946–1949). И покрај финансиските потешкотии и несигурноста, семејството успеало да му обезбеди добро образование и христијанско воспитување.

Образование

Александар го стекнал своето основно образование во Семантра. Уште како дете покажал извонредна интелигенција, наследена од дедо му, и жед за знаење. Особено го привлекувале духовните теми, и можел со часови да чита житија на светители и друга црковна литература, особено класична патрологија. Средното образование го завршил во гимназијата во Никеја, каде бил одличен ученик.

Во тој период, овој вреден млад човек активно се вклучил во црковниот живот. Редовно присуствувал на богослужби и учествувал во активностите на црковните младински групи. Тука запознал неколку истомисленици со кои ќе остане поврзан и во подоцнежните години. Меѓу нив бил и идниот албански архиепископ Анастасиј Јанулатос, со кого ќе оствари долгогодишно пријателство.[9]

Во текот на тој период, сериозно размислувал за тоа да стане свештеник или монах. Меѓутоа, по совет на својот духовник, одлучил најпрвин да се запише на факултет и да стекне високо образование.

Во 1953 година, Александар се запишал на Правниот факултет при Универзитетот во Атина. Ова може да изгледа како збунувачка одлука,

---

[8] Атанасије Јевтић, „Отац Емилијан Метеориски и Светогорски," у: Печат истини, прир. еп. Атанасије Јевтић, (Краљево: Манастир Жича, 2003), 5.

[9] Maximos Simonopetrites, „The Life and Teachings of Elder Aimilianos of Simonopetra,", 117.

бидејќи е познато дека старецот имал силен афинитет кон духовноста. Но можно е одлуката да била поттикната од инспиративната личност на Александар Циританис, кој тогаш предавал на Правниот факултет и бил длабоко религиозен човек. Тој промовирал политички активен облик на христијанство како противтежа на растечките трендови на комунизмот и секуларизмот, кои зајакнале на почетокот на дваесеттиот век.

Иако старецот покажал талент и за правните науки, по една година решил да премине на Богословскиот факултет. Оваа одлука била мотивирана од неговата искрена желба да навлезе подлабоко во тајните на верата.[10]

На Богословскиот факултет Александар се истакнал како исклучително даровит и посветен студент. Освен задолжителната наставна програма, многу читал и самостојно ги проучувал делата на светите отци. Особено го привлекувале аскетските списи и мистичната теологија. Во овој период се запознава со делото на св. Симеон Нов Богослов, што ќе остави траен впечаток врз неговата духовност.

И покрај академските обврски, Александар продолжил активно да учествува во црковниот живот. Бил член на христијанското студентско движење „Зои“, особено активен во катихетската дејност – држел предавања и се занимавал со издавачка работа. Иако млад, како студент се покажал како ревносен учител, оставајќи силен впечаток кај оние што го слушале. Од многу страни се сведочи дека младиот учител бил енергичен, ревносен, систематичен, креативен и целосно посветен на својата мисија. Бил сериозен, смирен и целосно предан на Бога. Неговата работа донела многу духовни плодови.[11]

Со текот на времето, почнал да чувствува дека тоа движење, и покрај добрите намери со кои било создадено, не можело целосно да ја задоволи жедта што ја чувствувал за подлабок духовен живот. Не се согласувал со многу вредности и духовни практики што се афирмирале во самото движење, па започнал да тежнее кон монашкиот живот.

---

[10] Исто, 115-116.

[11] Исто, 114.

Дипломирал на Богословскиот факултет во 1959 година. По дипломирањето размислувал да стане мисионер во странство. Меѓутоа, по разговорот со својот пријател Анастасиј Јанулатос (подоцна архиепископ на Албанија), одлучил најпрво да помине извесно време во манастир за подлабоко да навлезе во тајните на духовниот живот.[12]

Почеток на монашкиот живот

Следејќи го својот внатрешен повик, Александар во 1960 година се упатува во областа Тесалија, во централна Грција. Таму го запознава митрополитот на Тракија и Стогонија, Дионисиј, кој бил познат како обновител на монаштвото. Митрополитот со татковска љубов го пречекал младиот богослов и го упатил во манастирот Дусик, посветен на свети Висарион.

На 9 декември 1960 година, митрополитот Дионисиј го замонашил и му го дал монашкото име Емилијан. Два дена подоцна бил ракоположен за ѓакон во црквата „Света Параскева" во Трикала.[13]

На празникот Успение на Пресвета Богородица, во 1961 година, отец Емилијан бил ракоположен за свештеник во манастирот Вутима. По ракоположувањето се вратил во манастирот Дусик, каде останал четири месеци во целосна самотија, посветен на молитвата и подвигот.

Престојот во Дусик се покажал како исклучително тежок период за младиот монах. Во отец Емилијан се развива своевиден внатрешен конфликт. По природа енергичен и желен за подвижнички живот, тој се соочил со многу искушенија и внатрешни борби. Осаменоста била првата од пречките. Новиот млад и учен монах не бил добро примен во манастирското братство. Недостатокот на духовно водство исто така претставувал големо искушение за него. Емилијан не можел да комуницира со својот духовник, бидејќи во манастирот не постоел никаков начин за тоа. Покрај сето тоа, во него продолжува

---

[12] Исто, 117.

[13] Serapion Simonopetritis, „Biographical details by Hieromonk Serapion Simonopetritis.".

да расте првобитната желба да се посвети на мисионерско служење и новоразвиената склонност кон подлабок внатрешен духовен живот.[14]

Во својата подоцнежна проповед „За молитвата", старецот Емилијан ќе се осврне на овој период, опишувајќи го како „мрачна ноќ на душата".[15]

Преку овие тешки искушенија, младиот монах Емилијан се обратил со молитва за помош кон светителот-заштитник на манастирот, свети Висарион.[16]

Почеток на мистичниот живот[17]

Една ноќ тој поминал во бдение пред моштите на светителот, молејќи се за помош и просветление. И токму во овој момент на длабока криза, отец Емилијан доживеал мистично искуство кое целосно го преобразило неговиот живот. Иако никогаш директно не зборувал за ова искуство, индиректни описи можеме да најдеме во неговите подоцнежни проповеди. Еднаш тој раскажува за „монахот" (очигледно мислејќи на себе) кој доживеал необично искуство:

> „Една ноќ, борејќи се да земе воздух, го отворил прозорецот на својата ќелија. Било мрачно – околу три часот наутро. Во својата голема умора, веќе се подготвувал да го затвори прозорецот, надевајќи се дека барем неколку моменти ќе одмори. Но токму во тој момент, сè околу него како да заблескало – дури и темнината надвор! Погледнал да види од каде доаѓа таквата светлина, но не доаѓала од никаде. Темнината, која сама по себе не постои, станала светлина, иако неговото срце останало во темнина. А кога се свртел, видел дека и ќелијата му станала светла!... Сè било јасно како ден. Ништо не било скриено во мракот. Сè било во светлина: дрвените

---

[14] Maximos Simonopetrites, „The Life and Teachings of Elder Aimilianos of Simonopetra," 122.

[15] Архимандрит Емилијан, Печат истини, прир. еп. Атанасије Јевтић, (Краљево: Манастир Жича, 2003), 237(даље се наводи у скраћеном виду ПИ).

[16] Archimandrite Iliya, „Elder Aimilianos Through the Eyes of His Spiritual Children, "The Catalogue of Good Deeds,1 August 2021, https://catalog.obitel-minsk.com/blog/2021/08/did-not-our-hearts-burn-within-us-elder-aimilianos-through-the-eyes-of-his-spiritual-children.

[17] Maximos Simonopetrites, „Introduction", XII.

греди и прозорците, црквата, земјата по која чекорел, небото, изворот вода што непрекинато течел, штурците, светулките, ноќните птици – сè се гледало, сè! И ѕвездите се симнале, и небото се симнало, и му се чинело дека сè – земјата и небото – станало како рај!... И сите заедно пееле молитва [т.е. срцата], сè било во молитва. И срцето му се отворило чудесно и заиграло; почнало да чука и несвесно учествувал во истата молитва; нозете едвај ја допирале земјата. Не знаел како ја отворил вратата и влегол во црквата, ниту кога се облекол; не знаел ни кога останатите монаси пристигнале, ни кога почнала Литургијата... Литургијата продолжила. Евангелието било прочитано. Светлината повеќе не била само околу него, туку свила гнездо во неговото срце. Литургијата завршила, но песната што започнала во неговото срце била бескрајна".[18]

Ова искуство на божествената светлина целосно го преобразило младиот монах. Тоа му ја открило вистинската суштина на духовниот живот и го зацврстило во неговиот монашки повик. Од тој момент, отец Емилијан се посветил на постојана умносрдечна молитва и строг подвижнички живот исполнет со бдеење, пост[19] и бројни аскетски подвизи[20].

---

[18] Maximos Simonopetrites, "Charisma and Institution at an Athonite Cloister: Historical Developments and Future Prospects," in Friends of Mount Athos Annual Report (2007), 21–23.

[19] Отец Емилијан јасно ја истакнува важноста на постот во духовниот живот: „Постот е најлесната форма на аскетизам, но и основа на секој облик на духовен живот. Ако човечкиот организам не се трансформира внатрешно со пост, ако нашето здравје, нашите слабости, нашите идеи, нашето знаење и нашите навики не ни дозволуваат правилно да постиме, тогаш да не зборуваме ни за прифаќање, стекнување и примање на Бога. Тогаш треба да го одложиме стекнувањето на Бога до часот кога ќе можеме да постиме." (Архимандрит Емилијан, Празничне, мистагошке беседе. прев. Марина Вељковић Ђуровић. (Краљево: Манастир Жича, 2021), 176. (во понатамошниот текст цитирано во скратена форма ПМБ)).

[20] Од лична средба и разговор со старецот Емилијан, за ова сведочи и неговиот личен пријател, епископот Атанасије Јевтиќ: „Иако живеел во овој тогаш неорганизиран манастир, отецот Емилијан се посветил целосно на усрдна молитва кон Бога, живеејќи строго аскетски живот, така што од тоа време започнале неговите духовни искачувања и размислувања, увиди и епифании. Тој период од неговиот живот, рекол тој, бил можеби најпресудниот за неговиот понатамошен монашки и духовен подвиг, што го рангира меѓу истакнатите православни подвижници и духовни водачи на младите, особено на младото монаштво во дваесеттиот век."

Видението на незаодната светлина му дало сосема нова перспектива на литургискиот живот на Црквата. Сфатил дека личната молитва и соборното богослужение не се спротивставени, туку се надополнуваат и поддржуваат. Оттогаш, Божествената Литургија станала централен момент во неговиот духовен живот. Ова искуство оставило траен белег во сфаќањето на Емилијан за целта на монашкиот живот: „Значи, суштинскиот почеток на монашкиот живот е божествената светлина. Желбата за просветлување, односно за гледање на светлината и исполнетост со неа, е суштинската „содржина" на монахот."[21]

Преобразувачкото искуство на отец Емилијан не останало незабележано. Митрополит Дионисиј, забележувајќи ја промената кај своето духовно чедо, решил да му довери поголема одговорност. Во 1961 година го поставил за игумен на манастирот Преображение на Метеори.[22]

Игумен на Метеорите и татко на монаштвото

Поставувањето на отец Емилијан за игумен на манастирот Преображение на Метеорите означило нова фаза во неговиот живот. Иако имал само 27 години, со голема мудрост и ревност се зафатил со обновата на монашкиот живот во овој древен манастир.

Во тоа време, манастирот се соочувал со сериозни предизвици. Бројот на монаси бил драстично намален, а многу манастири биле напуштени. Истовремено, зголеменото интересирање од туристи создавало дополнителни тешкотии за монашкиот живот.

Сепак, отец Емилијан успеал да создаде живо монашко братство. Неговата харизматична личност и длабока духовност привлекле многу млади луѓе кои сакале да ги посветат своите животи на Бога. За кратко време, бројот на монаси во манастирот значително се зголемил.

[21] ПМБ, 166.
[22] Serapion Simonopetritis, „Biographical details by Hieromonk Serapion Simonopetritis."

За тие години, полни со духовно искачување и подвизи, архимандрит Елисеј напишал: „Старец Емилијан беше наш водич, учител и татко во Христос, и таков останува и денес. Живеевме со него многу години, патувајќи заедно по патот на Духот."[23]

Освен грижата за монасите, отец Емилијан развил и интензивна пастирска дејност. Митрополит Дионисиј му доверил задача да проповеда и да исповедува во епархијата. Неговите беседи биле исполнети со длабока духовна мудрост, и вдахновеност, со големо чувство за внатрешната динамика на самата проповед, внесувајќи свештени и трезвени емоции секогаш во духот на возвишена префинетост преку која продираше благодатта на Светиот Дух.[24] Тонот на неговиот глас се менувал динамично во согласност со содржината и поентата на кажаното.[25]

Пристапот на инспирираниот проповедник добил голем одек во регионот, особено кај младите кои во Емилијан препознале вистински духовен татко и водач. Многу од тие млади луѓе ги исполниле манастирите на Метеорите, Ормилија, а исто така многу од неговите духовни чеда се определиле за свештеничкиот повик.[26]

Ова е и периодот кога отец Емилијан го воспоставил својот единствен пристап кон монашкиот живот. Тој ја истакнувал потребата од соединување на традиционалната исихастичка практика со активно учество во литургискиот живот на Црквата. Ноќното бдеење и умносрдечната молитва биле надополнети со секојдневно служење на Светата Литургија. Сметал дека вистинското монашко совршенство не може да се постигне изолирано, туку само во контекст на братска љубов, заемна поддршка и послушност кон својот духовен отец.

---

[23] ArhimandriteElisaios, „Preface", in The Way of the Orthodox spirit : Reflections on life in God, (Athens: Indiktos, 2009), IX.

[24] Атанасије Јевтић, „Предговор," 7.

[25] MaximosSimonopetritis, „The Life and Teachings of Elder Aimilianos of Simonopetra,"128-129.

[26] Serapion Simonopetritis,„Biographical details by Hieromonk Serapion Simonopetritis."

Преселба на Света Гора и обнова на Симонопетра

И покрај неговите успеси на Метеорите, отец Емилијан чувствувал дека на неговото братство му е потребно потивко и поосамено место. Зголемениот број туристи на Метеорите го отежнуваше одржувањето на манастирскиот мир.[27] Во исто време, тој копнеел да го премести своето братство во срцето на православното монаштво - Света Гора.

Можноста се појавила во 1973 година, кога малото братство на манастирот Симонопетра на Света Гора побарало помош. Симонопетра, еден од најстарите и најпочитуваните манастири на Света Гора, во тоа време се соочувал со сериозна криза предизвикана од недостаток на монаси. По внимателно размислување и молитва, отец Емилијан одлучил да ја прифати поканата. Во ноември 1973 година, тој се преселил на Света Гора заедно со 25 монаси од неговото братство. На 17 декември истата година, отец Емилијан беше официјално избран и востоличен за игумен на Симонопетра.[28]

Преселбата на Света Гора означила нова и одлучувачка фаза во животот на отец Емилијан. Тука тој ја пронашол идеалната средина за целосно да го развие својот духовен потенцијал и да стане еден од најзначајните старешини на современото православно монаштво.

Кога отец Емилијан пристигнал во Симонопетра, манастирот бил во тешка состојба. Бројот на монаси драстично се намалил, а самиот манастирски комплекс бил во лоша состојба. Сепак, со неуморна енергија и длабока вера, новиот игумен се впуштил во сеопфатна обнова. Првиот предизвик на отец Емилијан бил да го организира братството. Тој внимателно ги интегрирал новодојдените монаси со постојните членови

---

[27] За тоа сведочи епископот Атанасије Јевтиќ: „Манастирите на Метеори и тогаш, како и денес, беа изложени на голема посета од туристи од секаков вид и род, нација и пол. Мирот во овие манастири преку ден беше речиси ускратен; остануваше само ноќта за молитва, богослужба, за тишина и славословење на Живиот и Вистинскиот Бог. Токму тоа го правеше отец Емилијан. Дури и од самиот манастир се повлекуваше, на врвот на метеорската карпа, во една мала пештера, каде што поминуваше часови и денови во умносрдечна молитва.“ “.(Атанасије Јевтић, „Отац Емилијан Метеорски и Светогорски,“ 7).

[28] MaximosSimonopetritis, „The Life and Teachings of Elder Aimilianos of Simonopetra,“ 131-133.

на братството, создавајќи атмосфера на меѓусебно почитување и љубов. Во исто време, ја реорганизирал внатрешната структура на манастирот, воведувајќи нов типик (правило) заснован на древнато светогорско предание, но прилагоден на современите услови.

Централното место во новиот поредок го заземала Божествената Литургија. Отец Емилијан инсистирал на секојдневно служење на Литургијата, со активно учество на целото братство. Тој го сметал литургискиот живот за срце на монашката заедница и извор на духовна сила за секој монах.

Во исто време, отец Емилијан ја нагласувал важноста на Исусовата молитва и аскетизмот. Тој ја вовел практиката на сеноќни бденија, за време на кои монасите биле посветени на умносрдечна молитва. Ова создало единствена синтеза помеѓу заедничкиот литургиски живот и личната исихастичка пракса.[29]

Духовно раководство

Како игумен на Симонопетра, отец Емилијан стана познат како извонреден духовник. Неговата харизма и длабоката духовност привлекоа многумина што бараа духовно раководство. Освен монасите од неговото братство, за совет и благослов доаѓаа и многу други монаси од Света Гора, како и мирјани од целиот православен свет.

Клучните елементи што го одликуваа духовното раководство на отец Емилијан беа: нагласокот на личниот однос со Бога, послушноста кон духовниот отец, умереноста и разумноста во подвигот, како и поттикнувањето на интелектуалниот и образовниот развој на монасите.

Освен личните средби и разговори, отец Емилијан редовно одржуваше синаксиси со целото братство. Овие катихези, кои подоцна беа собрани и објавени во повеќе томови, станаа богато и незаменливо сокровиште на современата православна духовност.

---

[29] Serapion Simonopetritis,„Biographical details by Hieromonk Serapion Simonopetritis."

Болест и повлекување

Интензивната духовна и административна ангажираност на отец Емилијан во Симонопетра неминовно оставила последици врз неговото здравје. Почетокот на 1995 година донесла знаци на сериозно влошување на неговата здравствена состојба.

И покрај здравственото ослабување, отец Емилијан со непроменета ревност продолжил да ја исполнува својата должност како игумен. Тој не дозволил физичката немоќ да го попречи во духовното раководење на братството. Но, со текот на времето, станало очигледно дека нема да може да ја продолжи својата служба со полн капацитет.[30]

Во овој период, отец Емилијан покажал исклучителна духовна сила и смирение. Својата болест ја прифатил како дар Божји и како можност за понатамошно духовно усовршување.[31]

Со напредувањето на болеста, отец Емилијан бил принуден постепено да се повлекува од активната служба. Во 2000 година, официјално се повлекол од должноста игумен на Симонопетра. За нов игумен бил избран неговиот духовен син и најблизок соработник, архимандрит Елисеј.[32]

Изборот на отец Елисеј не бил случаен. Отец Емилијан го подготвувал уште од времето кога биле на Метеорите за да биде негов наследник. Внимателно го воспитувал во духот на својата визија за монашкиот живот, но истовремено му дозволил да го развие својот личен пристап. На тој начин, отец Емилијан обезбедил континуитет на духовната традиција што ја востановил, но и оставил простор за понатамошен развој и прилагодување.

---

[30] Serapion Simonopetritis„Biographical details by Hieromonk Serapion Simonopetritis."

[31] Arhimandritul Efrem Egumenul Sfintei Mănăstiri Vatopedi, „Prolog la ediţia greacă", u: Arhim. EmilianosSimonopetritul, Aşteptarea lui Dumnezeudespreboală, suferinţăşimoarte, trad. Ierom. Agapie (Corbu), (Arad: Sf. Nectarie, 2019), 13.

[32] Bishop Emilianos of Meloa, „An Interview on Elder Aimilianos of Simonopetra and Neptic Vigilance," OrthodoxChristian, September 9, 2022, https://orthochristian.com/149316.html.

По повлекувањето од активната служба, отец Емилијан се преселил во женскиот манастир посветен на Благовештение во Ормилија, метох на Симонопетра. Овој манастир, кој самиот го основал во 1974 година, станал негов дом во последните години од неговиот живот.

Последните години и упокојувањето

Иако болеста телесно го ограничила, отец Емилијан продолжил да биде духовен столб за своите духовни чеда. Неговото присуство во Ормилија станало извор на благослов и утеха за монахињите и за многубројните посетители што доаѓале да побараат совет и молитва.

Во овој период, отец Емилијан се посветил на молитвата и внатрешното созерцание. Иако неговата способност за вербална комуникација била значително намалена,[33] тој продолжил да зрачи со духовна сила што длабоко влијаела на сите што доаѓале во допир со него, живеејќи го своето христолико страдање.[34]

Во последните години од животот, отец Емилијан се соочил со дополнителни здравствени предизвици. Сепак, ги поднесувал своите страдања со исклучително трпение[35] и смирение. За оние што го посетувале, тој станал жив пример на христијанско прифаќање на болеста и страдањето.[36]

Отец Емилијан се упокои во мирот Божји, на 9 мај 2019 година. Веста за неговото упокојување предизвика длабока тага, но и чувство на благодарност за неговиот живот и служба — не само во монашките

---

[33]За ова потресно сведочи архимандритот Јелисеј, неговиот наследник на Симонопетровата обител: „Ти си човек, и страдаше, и издржа, и се разболе, и го носеше тешкиот и долготраен крст на болеста! И оттогаш молчиш. Но, успеа да ни кажеш сѐ и ни кажа сѐ, ни кажа сѐ детално, остави траги со нас и во сите нас, во Црквата и во целиот свет!" (Arhimandritul Elisei, Cuvântul la slujba, 9.).

[34] ArhimandritulEliseiEgumenulSfinteiMănăstiriSimonosPetrasSfântulMunteAthos, „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Tâlcuiri La Sfintele Slujbe, Dumnezeiasca Închinare Aşteptarea Şi Vederea Lui Dumnezeu, trad. Ierom. Agapie (Corbu), (Arad: Sf. Nectarie, 2010), 8.

[35] Ieronim Monahul, „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Casa lui Dumnezeu poarta cerului, despre monahism, stareţ şi ucenic, trad. Ierom. Agapie (Corbu), (Arad: Sf. Nectarie, 2022), 10.

[36] Serapion Simonopetritis, „Biographical details by Hieromonk Serapion Simonopetritis."

кругови, туку и во поширокатa Православна Црква. Телото на отец Емилијан е погребано во ктиторскиот гроб, во надворешната припрата на католиконот на манастирот Благовештение во Ормилија. Ова место стана цел на бројни поклонички патувања; верниците доаѓаат да се поклонат и да побараат молитвена помош од возљубениот старец.[37]

Неговото упокојување, отец Ефрем Ватопедски го нарече „лет на небото“ – усовршување на светиот Старец.[38]

Животот и делото на старецот Емилијан Симонопетриски претставуваат извонредно поглавје во историјата на современото православно монаштво. Неговиот пат — од млад богослов до почитуван клирик[39] на Света Гора — е сведоштво за преобразувачката сила на длабокото духовно искуство и оданоста кон монашкиот идеал.

---

[37] Исто.
[38] Arhimandritul Efrem, наведено дело, 13.
[39] Атанасије Јевтић, „Предговор,“ 6.

АНТРОПОЛОГИЈАТА НА ОТЕЦ ЕМИЛИЈАН

Антропологијата на отец Емилијан претставува фундаментален дел од неговата богословска мисла, која произлегува од неговото лично подвижничко искуство на монах што ја носи општата човечка природа, а истовремено стреми кон преображение, исцеление и соединување со Бога, односно обожување. Во сржта на неговата антропологија се наоѓа срцето, кое тој го гледа како духовен центар на човечкото битие и место на непосредна средба со живиот Бог.

Разбирањето на човечката природа според старец Емилијан е неразделно од самиот чин на создавањето на човекот, прворододниот грев – падот, и неговите последици. Тој инсистира на тоа дека човекот е создаден за заедништво со Бога и дека смислата на своето постоење може да ја оствари уште во овој живот, подвижнички учествувајќи во нестворената Божја благодат. Со право е речено: „(...) за православната антропологија, божествената благодат е токму вистинскиот живот на човечката душа и на целата нејзина природа, зашто ако е лишена од тој живот, душата постепено умира, се умртвува. Човекот кој е лишен од живот во благодатта на Светиот Дух, станува мртов, облечен во облеката на смртноста, пропадливоста и распадливоста.“[40] Би додале: и душевно и телесно.[41]

Создавањето и првобитната состојба на човекот

Бог, создавајќи го човекот како слободна личност, спој од видливата и невидливата твар, како што богословствува отец Емилијан, се изразил

---

[40] Атанасије Јевтић, Аскетика, прев. Ј. Георгиевски и М. Васиљевић, Хришћанска мисао, Београд – Србиње– Ваљево, 2002), 45-46.

[41] Наум Митрополит Струмички, Философски стрмнини, (Библиотека Воведение, Велјуса, 2022), 317-318.

Самиот Себе – „опишувајќи се себеси неописливо", овозможувајќи му на човекот да стане Божји претставник, давајќи му божествена власт над целото создание.[42]

Како што вели Емилијан, Бог го поставил Адам во рајот како свој син, без никаква принуда и нужност, за да се насладува со созданието што е создадено за него. Таквиот начин на постоење беше чест и слава за првосоздадените луѓе, повикани да станат богови по благодат преку љубовна заедница со Бога – во тоа се открива смислата на создавањето и предназначението на човекот, како што учат и другите големи Отци на Црквата. Оваа можност отец Емилијан ја гледа во правото дадено на првосоздадениот човек да ги именува Божјите созданија, со што тој стекнал некаква форма на божествена власт и бил повикан да придобие неразделна божественост и да стане, по благодат, еднаков на Бога.[43]

Највпечатливиот и единствен начин на кој старец Емилијан го опишува односот меѓу Бога и првосоздадениот човек е преку метафората на играта што е предодредена да трае вечно. Тој пишува: „Оттогаш човекот и Бог си играат. Татко и син. Тој го создава Адама како другар во играта, и го повикува во играта на усовршување на тварта. Светот, тварта, како некоја топка, преминува од рацете на едниот во рацете на другиот, за да се радуваат двајцата и заедно да стигнат до вечноста."[44]

Бог не само што го создава човекот по Свој образ и подобие,[45] туку го прави човекот сосоздател во играта на усовршување на тварта, бидејќи го поставил како круна и венец на сѐ создадено. Отец Емилијан инсистира на тоа дека човекот не бил создаден совршен, туку боголик. Боголикоста на човекот се изразува преку двете сили: умот и слободата. Токму во слободата, умот добива можност во сопостоење со Светиот Дух, постојано да се вподобува на Бога.[46]

---

[42] Архимандрит Емилијан, Живот у духу : поуке и речи, прев. Маја Рашовић, (Краљево: Манастир Жича, 2009), 261 (понатаму се цитира со кратенката ЖУД), 261.

[43] Архимандрит Емилијан, Степени духовног живота од пада до вечности : поуке и речи, прев. Маја Рашовић, (Краљево: Манастир Жича, 2022), 55 (понатаму се цитира со кратенката СДЖ).

[44] СДЖ, 55.

[45] Пост.1, 26.

[46] СДЖ, 191-192.

Со еден збор, Бог створил богокопнежлива личност и ѝ подарил слобода – а во таа слобода, умот може да избере да копнее и по нешто друго, спротивно на Бога. Но тогаш човекот ја промашува својата цел и се срозува на животинско ниво.[47]

Во целото создание, Бог ништо не ценел повеќе од човекот, чие копнеење по Бога во изобилието на рајот било само бледа сенка на силата со која Бог копнеел по човекот, по заедништво со него. Отец Емилијан наведува дека Бог толку го сакал човекот што брзал по него, слично како што Ева брзала по Адама, и му снисходувал, заборавајќи на Себе, само за да заедничари со него во Рајот.[48]

Само во такво заедништво, каде Бог од безгранична љубов му снисходува на човекот, тој може да израснува во совршено знаење и да се вподобува на Бога, станувајќи и самиот бог по благодат.

Падот и последиците од падот

Падот на човекот зазема централно место во антрополошкото учење на отец Емилијан, затоа што тој е причината за длабоката промена во целата човечка природа, која станала носител на последиците од прародителскиот грев. Емилијан гледа и зборува за човекот како син на Адам, кој ја наследил внатрешната разделеност и го изгубил Бога од својот духовен видик. Кога зборува за падот, зборува за нарушен личносен однос – за изгубено и уништено заедништво во љубовта, при што не само што човекот ја изгубил способноста да Го созерцава и гледа Бога, туку, на некој начин, дури и Бог, Кој се гледа „го изгубил од вид“ човекот кој се крие во својот пад. Затоа Бог прв започнува потрага по сите загубени потомци на Адам, барајќи ги и повикувајќи ги со збирното име на нивниот прародител: „Адаме, каде си?“[49]

---

[47] СДЖ, 191.
[48] ЖУД, 261.
[49] СДЖ, 196.

Атмосферата на непрестајна радост и бесмртност, отсуството на страдање и болка, не биле безусловни одлики на рајот, туку последици од љубовното заедништво меѓу создадениот човек и нестворениот, бесмртен Бог. Отец Емилијан наведува дека човечкиот ум, кој Го созерцувал Бога, се одвратил од Него, станал горд и помрачен, и дека поради тоа што Адам не покажал смирение, одлуката за смртта станала конечна.[50]

Личната димензија на човековиот пад се огледува во согледувањето на сопствената голотија, својата срамота, одвоеноста од Бога и неможноста за општење со Него. Старецот потсетува: „(...) демонот, познавајќи ја длабочината на Адамовата душа и неговата желба за обожување, удрил во правата точка и ја постигнал својата цел – го исфрлил од Божјиот живот."[51]

Падот, според отец Емилијан, се случил во умот, кој не само што го прекинал молитвениот однос со Бога, туку и го отфрлил, одвраќајќи го својот ум од Бога кон гревот. Разговарањето со Бога значи општење и соединување со Него – а за умот да разговара со Бога, треба да биде свртен кон Него, бидејќи умот го бара оној што му е сличен, го бара својот прототип.[52]

Во ова стрмоглаво одвраќање – во овој пад на умот – се крие целата трагедија и драма на прародителската двојка, а последиците од тој пад за нивните потомци се гледаат во наследувањето на таа состојба на умот. Тука, како што нè учи блажениот Старец, се одиграл трагичниот раскол, при кој од едната страна е Бог, Кој сака нашиот ум да биде нерасеан, срцето приковано за Него, а нашата мисла да биде преселување во Небесната Држава; а од другата страна е сиромашниот и од божествената благодат оголен човек, чиј ум ја промашил целта на своето постоење – својот Прототип, својот Бог.[53]

---

[50] ЖУД, 262.
[51] ПМБ, 167.
[52] ЖУД, 62.
[53] СДЖ, 57.

Болестите и страстите на современиот човек

Во светлината на антропологијата на старец Емилијан, мошне е важно да се согледа неговиот поглед на состојбата на современиот човек, особено на христијанинот. Тој, критикувајќи ги стремежите кон современите трендови, речиси секогаш зборува во контекстот на православната христијанска заедница, истакнувајќи ја Христовата Црква како единствена надеж и можност за паднатиот човек повторно да се врати во Божјата прегратка. Луѓето, кои се божествени икони, грешејќи станале, како што силно и сликовито вели отец Емилијан, „отпадоци од одблесокот“.[54]

Бог не ја прекинал својата потрага по Адам и неговите потомци, туку го повикува и паднатиот човек во ваква состојба во Својата Црква, каде му нуди можност во Својот Единороден Син да се пресоздаде во побожествена и посовршена состојба, чинејќи го светилник што со божествена светлина го осветлува светот.[55]

Опишувајќи ја гревовната состојба на современиот човек, Емилијан укажува дека таквиот начин на живот ја срамоти Црквата, која е единствената спасителна можност за отпаднатиот свет од Бога. Без Црквата, со сите нејзини убавини, светот е само тажна темница. Во контекстот на сето кажано, отец Емилијан заклучува: ако некој не ја љуби Црквата, ако таа не му е вистинска мајка, тогаш ниту Бог никогаш нема да му биде Отец.[56]

Трагичната состојба на современиот човек се гледа во тоа што тој ги изгубил обележјата на Божјо чедо и, заборавајќи дека е дете Божјо, престанал да си игра со Него,[57] заменувајќи ја таа „игра“ со забава и провод – што, според Емилијан, значи: „(...) доживувачка потреба, ропство, поделеност на личноста, привремено бегство од стрес, бегство

---

[54] Архимандрит Емилијан, Богослужење : ишчекивање и виђење Бога : поуке и речи, прев. Гајо Гајић, (Краљево: Манастир Жича, 2023), 160 (понатаму се цитира со кратенката БИБ).
[55] БИБ, 160.
[56] БИБ, 24.
[57] СЛЖ, 57.

од реалноста, расеаност на вниманието и срцето, избегнување на трудот, прекин на односот со ближните и дружење со разнородни личности..."[58]

Културата на забава и провод е доминантната култура на современиот свет, која богосоздадениот човек му ја засенува вистинската цел на неговото постоење – наместо исполнетост со Бог, нуди чувство на бесмисла и празнотија.

Отец Емилијан дури и во христијанските кругови гледа опасност од заборавање на вистинската цел и смисла на животот – дури и кај оние што формално ја прифаќаат Црквата, но продолжуваат да живеат световно, создаваат „христијанство по мерка на паднатиот човек".[59] Со други зборови, современите христијани лесно се поистоветуваат со светот, заборавајќи дека целиот свет е повикан од Бог да стане Црква – односно Тело Христово.[60]

Овој свет на современиот човек му нуди сурогати за сè што некогаш го имал во Рајот, само за да го задржи овде, за да не ја започне потрагата по Царството Божјо – мамејќи го со привиден мир, но не со Божјиот мир. Старец Емилијан отворено вели дека тоа е голема измама, пишувајќи:

„Не очекувајте мир во ништо друго освен во поистоветувањето, во заедништвото, во единството со Христос. Тогаш Христовиот мир ќе врие во нас, ќе го исполнува нашето срце, ќе се прелева – како јадење што врие и се прелева од садот. Зашто Бог ни го дава мирот како награда, како дар. Ни го подарува како мираз."[61]

Меѓу тие световни сурогати е и лажниот поим и лажно искуство на слобода, што го нуди „кнезот на овој свет". Отец Емилијан го повикува современиот човек да стане слободен – но вистински слободен – барајќи ја слободата од Својот Создател, бидејќи слободата е Божји дар. А човекот ја добива така што ќе се научи да не греши, да не се гневи, да не се огорчува,

---

[58] СДЖ, 52-53.
[59] БИБ, 163.
[60] ЖУД, 267.
[61] СДЖ, 205.

да не се плаши – туку да остане скрушен и смирен, да остане Христов. Зашто само човекот што е Христов, е вистински слободен и радосен.[62]

Една од најсмелите мисли на старец Емилијан е неговото учење за присуството на Бог дури и во трагедијата и драмата на човечкиот пад – во гревовниот живот на современиот човек, особено на младите, чии срца се потонати во грев, кои се откажуваат од Бог, кои си „играат" со животот и смртта, со верата и неверието, со водата и огнот. И сето тоа, вели тој, всушност е продолжение на онаа игра од создавањето на човекот – играта што ја започнал Бог.[63] Па, како може сега Бог да не учествува во таа игра?[64]

За старец Емилијан, не е пречка тоа што човекот е грешен – вистинската пречка се неговата волја и желба. Зашто зад сите ѕидини на гревовноста, незнаењето, заборавот, грижите, потта и солзите – некаде длабоко во самиот човек, во срцето – се крие Бог, Кој го создал и Кој е подготвен да ги сруши сите ѕидини, само ако човекот го посака тоа.[65]

Квалитативната разлика од овој свет може да ја направи – и ја прави – само Христовата Црква. Зашто само Црквата ја сведочи вистината дека овој свет не е татковина на паднатиот човек. Само во неа човекот го надминува стравот, престанува да биде љубител на телесното, знае да живее – но и да умира заради Христос, имајќи ги за пример многубројните Светители.[66]

Во светлината на сето кажано, зборувајќи за тоа каков е современиот човек, а од перспектива на оној што преку силна вера и со Божја благодат го победил светот и станал образец на вистинското човечко битие, неговите длабоки зборови звучат како предупредување:

„Световните луѓе понекогаш блескаат во нашите очи, па заборавме дека тие ги градат своите палати врз песок, и дека еден ден ќе гледаме со

---

[62] СДЖ, 211.
[63] СДЖ, 55.
[64] СДЖ, 53.
[65] ЖУД, 268.
[66] СДЖ, 104.

свои очи како тие палати се рушат во парампарче и паѓаат во урнатини (сп. Мт. 7, 26–27). Ако некогаш се зближуваме со нив, нека биде тоа во моментите на нивната искреност, во мигови кога можат да ни го отворат срцето. Тогаш ќе ги видиме солзите во нивните очи, сити од овој свет; ќе видиме дека нивното срце потонало во безнадежност и преголемата наситеност со суетата. Да ја наведнеме потоа главата, за да чуеме што шепотат нивните уморни усни: 'Кажи ми, каде да најдам заборав во оваа земја на нечувствителност?' Тоа се мртви души, иако уште живи. Души без идеали и борба за возвишен духовен живот – тие можат да се наречат само мртви души."[67]

Во заклучокот на својата анализа за состојбата на современиот човек, старец Емилијан не застанува само на критичка дијагноза на проблемот, туку нуди и пат кон обновување и преобразување – како за поединецот, така и за заедницата во целина. Според неговото учење, вистинската обнова и преобразба можат да се постигнат само преку литургискиот живот и заедничката молитва, каде човекот не се среќава со Бога само како поединец, туку како член на Црквата – Телото Христово.

Тој нагласува дека учеството во светите Тајни, особено во Евхаристијата, е темелот за преобразба на целото битие и на целата заедница. Отец Емилијан истакнува дека литургиската заедница е местото каде се обновуваат сите димензии на човечкото постоење и каде човекот го наоѓа својот вистински идентитет во Христос.

Само преку такво активно учество во животот на Црквата, современиот човек може да ја победи разединетоста и осаменоста што се карактеристики на модерниот свет. Заедницата се преобразува и обновува токму преку литургискиот живот, кој старец Емилијан го гледа како срж и суштина на христијанското постоење.

---

[67] СДЖ, 96.

ЛИТУРГИСКИ ЖИВОТ

Литургискиот живот всушност е најсуштинскиот израз на Христовата Црква и зазема централно место во учењето на старецот Емилијан Симонопетриски. За него, Литургијата не е само една од богослужбите,[68] туку можност и реалност за вистинското богопознание: „Познанието на Бога не е ништо друго освен вкусување, јадење на Бога. Го јадеш Бога!“[69]

Човекот е битие на заедницата, поради тоа би била извесна илузија да се уверува во љубовта кон Бога, без соединување со Него и со браќата во богочовечката заедница на Литургијата. Отец Емилијан нагласува дека мерката на нашата љубов кон Бога е директно пропорционална со тоа колку Го стекнуваме на Светата Литургија,[70] при што не мисли на литургиски живот лишен од подвижничка (аскетска) рамка.

Подвижничкиот живот на христијанинот во Црквата не е одвоен од литургискиот живот, туку го наоѓа својот смисол и цел токму во него: „Излишно е да одам во Црква и непотребно е да присуствувам на Литургија и бесцелно да се причестувам, ако постојано не се молам. Исто така, излишно е да се молам, ако не учествувам во она за што сега говориме.“[71]

Литургискиот начин на живот е единствениот вистински начин на живот во Црквата, затоа што Црквата е вечно живо Тело Христово. Старецот Емилијан подвлекува дека литургискиот живот не е само живот

---

[68] Тој е нераскинливо поврзан со другите аспекти на монашката духовност: „Господ ни помага и во манастирот, преку нашето богослужение, проучување, старецот.“ (Архимандрит Емилијан, Тумачење подвижничких поука Аве Исаије, прев. Саша Стојановић и сестринството на манастирот Жича, (Краљево: Манастир Жича, 2024), 375 (понатаму се цитира со кратенката ТППАИ)).

[69] ЖУД, 55.

[70] ЖУД, 110.

[71] ПИ, 148.

во Христос, туку и учество во животот на Светата Троица — живеење со Отецот, Синот и Светиот Дух.[72]

Само оној кој живее литургиски може да се нарече христијанин и вистински да ја разбере Црквата. Емилијан истакнува дека таквиот човек никогаш не поставува прашања од типот: „Кој го видел Христос?“ Човекот кој живее литургиски знае дека Христос е во Црквата и дека, кога ја гледа Црквата, Го гледа самиот Христос.

Литургиската свест на црковниот човек, како што учи отец Емилијан, подразбира и сознание дека овој свет е создаден заради Црквата.[73]

Во својата суштина, Литургијата не е само молитва — таа е нешто многу повеќе: еден личносен однос, дијалог. Литургијата е принесување и дарување на самиот себе на Бога, кој за возврат Себеси му се дарува на човекот, давајќи му можност да учествува во божествениот живот. Литургискиот живот е взаемно дарување и возвраќање.[74]

Светата Литургија во монашкиот живот

За старецот Емилијан, Светата Литургија е централен настан во духовниот живот на христијанинот, а особено на монасите. Литургијата, според него, е завет, мистичен брак и свадба со Христос. Таа нè воздигнува и нè води во Неговото Царство, иако потоа се враќаме во нашите домови или келии со сите наши страсти и слабости.

Отецот нè потсетува дека личното бдение на монасите кај аскетските писатели се нарекувало литургија,[75] и го цитира старецот Исаија:

„Кога ќе станеш во својата келија за да го извршуваш молитвеното правило (својата литургија), не биди немарен, туку стој во страв Божји, за да не се случи наместо да му одадеш почит на Бога, да го предизвикаш Неговиот гнев“.[76]

---

[72] БИБ, 22.
[73] БИБ, 23.
[74] БИБ, 31.
[75] ТППАИ, 67.
[76] ТППАИ, 67.

Литургиското христијанство подразбира усрдност во духовната борба, затоа што единствено: „...со непрестана борба, во постојано движење – свештеникот напред, ние по него – ќе стигнеме во Царството небесно. Одиме ли на Литургија со таква желба? Тогаш сме го осигуриле Царството небесно“.[77]

Старацот Емилијан секогаш го толкува светопреданискиот начин на организирањето и устројството на монашкиот живот и манастирскиот типик од литургиска перспектива. Тоа се огледува и во архитектонскиот израз на манастирите,[78] особено на Света Гора, каде што срцето на манастирот е Светата Литургија во католиконот,[79] а сè друго е устроено така што заедницата станува едно во Христос.[80]

Сите монашки градби околу католиконот сведочат за возвишената реалност дека животот треба да биде литургиоцентричен и христоцентричен. Главната оска околу која се врти животот на манастирот и смислата на сите други богослужби е Светата Литургија. За ова отец Емилијан вели: „Светата Литургија не е издвоен дел од останатите богослужби, туку е столб, средиште, срце на богослужбеното собрание. На литургијата ѝ придаваме посебно значење, затоа што таа, покрај сè, е и хранење, причестување, благодарење и посебна воспоменувачка слава, која ја вршиме таинствено соединети со Христос во негов спомен и со сецелата Света Троица“.[81]

Целокупниот живот на христијанинот или монахот, кој е повикан кон најавтентичното христијанско живеење, станува подготовка, исчекување и копнеж за Литургијата, каде се случува средба и најприсното

---

[77] БИБ, 51.

[78] За односот помеѓу сакралната уметност и молитвениот живот види во: Vladimir Vukašinović, „The Liturgical Framework of Serbian and Byzantine Religious Art“, Sacral Art of the Serbian Lands in the Middle Ages, ур. Д. Поповић, Д. Војводић, 91-103, (Београд: Serbian National Committee of Byzantine Studies: Službeni glasnik: Serbian Academy of Sciences and Arts, Institute for Byzantine Studies 2016).

[79] ЖУД, 301.

[80] ТППАИ, 30.

[81] Архимандрит Емилијан, Благодатни пут: Тумачење житија преподобног Нила Калабријског, прев. Маја Рашовић, (Краљево: Манастир Жича, 2011), 113 (понатаму се цитира со кратенката БП).

соединување со Христос, смислата и крајната цел на сите надежи, исчекувања, падови и станувања.[82] Подготовката, за која зборува старецот, секогаш го претпоставува исихастичко искуство на Црквата преку учењето на Свети Григориј Палама, кое тој го примил како светлина Христова[83] од Света Троица преку останатите отци на Црквата.

Старецот Емилијан често ги нагласува космичките димензии на Литургијата, истакнувајќи дека од монашкиот подвиг, т.е. движењето кон Христос, не може да се исклучи целиот свет и другите луѓе — не само членовите на монашката заедница, туку буквално сите со кои : „... целосно се соединуваме во полнотата на љубовта“.[84]

Изразот на секосмичката димензија на Литургијата Емилијан го гледа во нејзината структура, каде Бог ги собрал сите „да бидат едно“ — грешници и светители, ангели и архангели — за: „...светителите да им ја предаваат својата светост на грешниците, а грешниците на светителите својата копнеж за светост, за светителите да бидат наши ‘помошници’“.[85]

Литургиското собрание е крајно динамична состојба, состојба на постојано духовно напрегање, што особено се гледа во возгласот: „Да стоиме смерно, да стоиме со страв“. Тој возглас, според отец Емилијан, предупредува, наговестува опасност, борба, падови,[86] но на крајот и нашето спасение. Емилијан дури тврди дека Литургијата не би постоела без неизвесност, борби, колебања и падови.[87]

---

[82] За тоа како Старецот ја сведочеше оваа вистина на духовниот живот со личен пример: „Личното литургиско служење на нашиот Отец беше силно обележано со мистична нијанса. Често ни повторуваше дека времето на службата е време на откровение – време кога Господ им се открива на учениците кои се зафатени од бура на морето, според мерката на подготовката на секој во својата ќелија, преку пост, бдение и молитва.“ (Arhimandritu lElisei, (Arad: Sf. Nectarie, 2010), 9.

[83] ПМБ, 170.

[84] БИБ, 34.

[85] ЖУД, 101.

[86] Тоа го разработува на друго место: „За време на Божествената литургија, црквата постојано нè поставува пред светоста и славата Божја, за да ја согледаме сопствената бесчестност и грешност. Бесчестност значи дека, всушност, сме потонати во небитие." (ТЛПАИ, 215)

[87] БИБ, 134.

Старецот учи, некои би рекле радикално, дека без соодветна аскетска подготовка, и самото причестување[88] е непотполно и бесцелно: „Во време на молитва, кога се принесуваш на Бога, било во своето бдеење во келијата, било на литургијата, биди внимателен, стој смирено во страв Божји. Глаголот „да стоиме“ (ἵσταμαι) значи мојата мисла да биде исправена (насочена нагоре), а срцето исполнето со страв Божји, за да се удостоиш за Телото и Крвта Господова и откривањето на небесните тајни. Ако не стоиш пред Бога со будност и целосна свест, ништо нема да вкусиш. Дури и да се причестиш, ќе го примиш Христос, но Христос нема да го имаш. Ако пак се молиш во келијата, слеп ќе ја започнеш и слеп ќе ја завршиш молитвата“.[89]

Непостојаноста и несовршеноста на човечката природа, како и постојаната духовна борба каде често биваме поразени, се причината зошто Бог благоизволи да ни го дарува Христос, Кој преку литургиското собрание низ вековите се соприсутнува меѓу нас.[90]

Трагично е кога присуството на Христос на богослужбата минува незабележано за монасите, бидејќи монахот кој го почувствувал Бога на богослужбата, тој доживувањето го пренесува на целиот свој живот по богослужењето.[91] Отец Емилијан вели дека монахот кој по Литургијата не сака да разговара со никого, туку веднаш се повлекува во келијата, ја

---

[88] На оваа тема Старецот многупати се навраќа: „Ако нема богослужба и Света Причест, невозможно е да постои молитва. Во тој случај, секоја молитва ќе биде лажна. Ако има богослужба, а во нас нема силна духовна молитва – внатрешна, моќна, вопијна молитва – бидете сигурни дека и нашето богослужение и Светата Причест се залудни и дека тоа е просто фрлање кал во Божјите очи, сè тоа за да се преправаме дека Го љубиме, додека, всушност, немаме никаква врска со Него. Еден ден Тој ќе ни каже: „Не ве познавам.“ Овие две нешта одат заедно и претставуваат две страни на духовниот живот. Едната страна е светотаинскиот живот, кој претставува предуслов за мистичкиот живот.“ (ПИ, 147)

[89] ТППАИ, 69.

[90] БИБ, 135.

[91] За историските димензии на односот помеѓу словенското монаштво и богослужбата, повеќе види кај: Владимир Вукашиновиħ, „Богослужење у Хиландару и отачаству“, во: Свети краљ Милутин: владар на раскршħима светова, уред. С. Пириватриħ, С. Марјановиħ-Душаниħ, Д. Поповиħ, 487-505, (Београд: Задужбина Светог манастира Хиландара, 2022).

потврдува вистинитоста на богослужбата, затоа што монашкиот живот е вистински кога има белези на тишина, осамност и свештено тихување.[92]

За монахот кој го напуштил светот и умрел за него, учеството во Светата Литургија станува соединување во љубов со сите во Христос, откривање на светотаинската димензија на животот што го избрал. Во неговиот манастир, Црквата е непрестано присутна, не само на Литургијата што се служи. Манастирот е постојано собрание на Црквата, сецелата Црква, сецелиот Рај.[93]

Монашкиот живот и подвигот се неразделни од литургискиот живот на Црквата. Отецот советува: „Во времето на твоето принесување, спротивстави им се на помислите, нека твоите сетила останат во страв Божји, за да бидеш достоен за Светите Тајни и Бог да те исцели“.[94] Сè што прави монахот, определено со типикот на манастирот и богослужбениот поредок што ѝ претходи на Литургијата, е само подготовка за средба со Христос, како што вели Емилијан, уште една потрага по Христос.[95] Според него, суштината на подготовката на монахот за Светата Литургија е подготовка на срцето да го прими Божеството во себе.[96] Инсистирајќи дека автентичниот монашки подвиг секогаш е исихастички и дека е единствениот пат кон обожување и причестување, тој вели: „Исихазмот го постигна тоа, Бог да живее на тој начин со нас, што можеме да Го примаме без да умреме. Исихазмот е нашиот пат кон обожение“.[97]

Соединувањето со Христос во Литургијата не исклучува никого. Напротив, старецот вели дека монахот, соединувајќи се со Христос, ја прима во себе целата вселена, вклучително и непријателите, кои во неговите очи повеќе не постојат, бидејќи вистински почнува да живее и љуби. Секоја завист и омраза ги става во Светиот Путир за да се преобразат, а во неговото срце останува силна љубов кон Бога и луѓето. Старецот додава: „Печат на сето тоа е молитвата: ‘Господе Исусе Христе,

[92] БИБ, 139.
[93] ЖУД, 296.
[94] ТППАИ, 105.
[95] ЖУД, 85.
[96] БИБ, 29.
[97] ПМБ, 59.

помилуј ме', која ја изговара срцето — срце обожено со Крвта и Телото Христово. Тоа е богослужбеното собрание кое го вршиме".[98]

Најкарактеристичниот аспект на учењето на старецот Емилијан е еден вид синтеза на Литургијата и личната молитва, која првенствено подразбира молитва со Името Исусово. Тој тврди дека само оној кој се моли со Исусовата молитва непосредно пред богослужбата може да се смета дека вистински учествува и ја разбира Литургијата. Молитвата го достигнува своето исполнување само во Црквата и на самата Литургија. Кога ќе се соедини со Христос, монахот продолжува да се дружи со Него во текот на целиот ден, изговарајќи го Неговото име.[99] Во овој контекст, старецот Емилијан секогаш зборува за манастирот како место каде Црквата е секогаш собрана околу Христос, место каде Литургијата никогаш не престанува, и каде жителите на манастирот постојано[100] се причестуваат со Христос, живеејќи со молитвата и Светите Тајни.[101]

Целокупниот живот на монахот мора да стане, според старецот, подготовка на самиот себе, просфора за мистичната Литургија,[102] така што неговата келија и целиот живот, односно сѐ што прави во манастирот, станува принос за служба на Литургијата.[103]

---

[98] БИБ, 139.

[99] БИБ, 139.

[100] На прашањето за честото причестување, старецот Емилијан дал карактеристичен за него одговор: „Ако во Божествената Причест со точност го чуваме својот ум, кога повторно ќе се причестиме, Светата Причест сѐ повеќе ќе го просветлува нашиот ум и ќе направи тој да биде како ѕвезда, така што силно ќе го осветлува нашиот живот. Затоа, само во случај да го чуваш својот ум, ќе можеш често да се причестуваш". (Архимандрит Емилијан, Трезвеноумни живот и правила подвижничког живота: тумачење светих отаца: Антонија, Августина и Макарија, прев. Марина Вељковић, (Краљево: Манастир Жича, 2014), 264 (понатаму се цитира со кратенката ТЖ).

[101] ЖУД, 298.

[102] За симболичкиот аспект на свештенслужението и различните нивоа на јазикот на сакралната комуникација, повеќе види кај: Владимир Вукашиновић, „Литургијски језик Цркве", во: Криза савремених језика теологије: Зборник радова, уред. В. Вукашиновић, 127-153, (Београд: Институт за културу сакралног – Монс Хемус, 2013).

[103] БИБ, 172. Тој го објаснува ова на друго место: „Можеби вашиот придонес кон послушанието е добар, но сѐ што се однесува на тебе пред Бога не е чесно; исто како што не можеш да служиш Литургија додека ропташ - секако, Светињата ќе биде осветена, но ти нема да се осветиш - така и секоја твоја работа претставува едно служење и ти треба да го правиш тоа без роптање". (ТЖ, 54)

Отецот Емилијан ја изразува литургиската димензија на умносрдечната молитва, тоа најзначајно и „единствено потребно" монашко дело, со зборовите: „Со Исусовата молитва ги стекнуваме сите Божји права и истовремено се уподобуваме на Христос, затоа што тоа е смислата на молитвата. Како што Христос стана Свештеник, но и Јагне, така и ние стануваме свештеници и принос, за да можеме со името Исусово да принесуваме благопријатни жртви. Гласовите на молитвата кои ги вознесуваме како подготовка за јавната богословска служба стануваат 'живи камења' за ѕидање, а ние се вградуваме во духовни домови и стануваме свети свештеници. Затоа Свети Златоуст вели: 'Пребивај во Името Господово', продолжи да го повторуваш Името Господово наместо да празнословиш, и тогаш твоето срце ќе Го прими Господа во себе, а и Господ ќе го прими твоето срце во Себе, и двете ќе станат едно. Гледате дека ова е обединувачко дело, дека службата е духовна".[104]

Говорејќи за подготовката на монахот за свештенодејство, отец Емилијан ја воведува категоријата свештенодејство на олтарот на монашкото срце, кадешто се принесува молитвата за спасение на светот. Според неговото мислење, таа молитва претставува уште еден важен предуслов за правилно и на Бога достојно свештенослужение на свештеникот на литургиското собрание на Црквата.

Подготовка на свештенослужителот за богослужба

Целиот живот на старец Емилијан, секој негов миг, беше подготовка за Светата Литургија и за средбата со Христос. Од неговите поуки свештеномонасите можат да заклучат на кој начин тој ја доживувал Светата Литургија и како се подготвувал за свештенослужение.

Свештенослужителот треба во сè да го бара и да го гледа Христос: во својот брат, во секојдневното функционирање на заедницата, во самото богослужение, во сите активности и дејства за време на Литургијата; но главниот предуслов е — да Го најде и да Го види со умот во своето

[104] БИБ, 170-171.

срце, во самиот себе. Само тогаш свештеникот е навистина подготвен да ја служи Литургијата.

И самиот изглед на храмот и неговото благолепие ја иконизираат возвишената реалност со која христијанинот, а пред сè свештенослужителот, се среќава — или, подобро речено, е повикан да живее во неа. Старец Емилијан во тоа гледа можност за добар почеток за развивање на чувството за Божјото присуство и за градење на личен однос со Бога. Ако свештенослужителот, како што вели старец Емилијан, „нема чувство за светоста и славата Божја", тогаш нема да може „свесно да служи и ќе биде само пасивно создание".[105]

Старецот го повикува свештеникот, за време на утринското богослужение или ден претходно, да го земе и отвори Евангелието, и така, поставувајќи го Христос пред себе, да отвори простор во своето срце за она што Господ има да му каже, без да ја сведува средбата со Евангелието само на зачалото предвидено за тој ден според типикот.

Само таков свештенослужител, како старецот Емилијан, кој е целосно проникнат од Христос, може во сите литургиски дејства да Го види и да укаже на Христос. Тој ја осветлува личната димензија на Евангелието, која е пред сè упатена кон него самиот, свештенослужителот. Затоа старецот вели: „Го читам Евангелието, значи пред себе јасно го поставувам Христос и од Него барам нешто ново, нешто што ќе ми каже за денешниот ден, нешто што ќе ја претставува содржината на моето откровение, значи збор на откровение наменет за мене, збор кој ќе го исполни мојот ум, мојот разум, мојата реч."[106]

Овој и ваков однос кон Евангелието, според Старецот, го прави свештеникот носител и автентичен сведок на Божјото Откровение, односно на самиот Христос. Така свештеникот станува повеќекратен христоносец, држејќи го Христос истовремено во своите раце, срце и ум.

Следствено, главната содржина на мислите, зборовите и делата на таквиот свештеник станува Евангелието Христово. Ова не води до заклучок дека свештениот однос кон богослужбениот поредок на

---

[105] ЖУД, 27.
[106] БП, 115.

Литургијата, односно нејзината практична димензија, води кон средба со Бог.

Од следните зборови на отец Емилијан гледаме лично сведоштво токму за таква средба што тој ја доживувал „разговарајќи" со своето Евангелие додека служел:

„Го чувствувам Бога и навистина се радувам, си играм со Него и Го земам во раце, Него, скриениот Бог што се открива во Евангелието. Го оставам да ми зборува. А можам да потврдам дека ме нема оставено, ниту на една Литургија без нова содржина."[107]

Одеждите и целиот поредок на Светата Литургија треба да го потсетуваат самиот свештеник на местото и улогата што ја зазел на овој богочовечки собир. Кога свештеникот ги облекува богослужбените одежди, тој се облекува во Христос.

„Го гледаш свештеникот во одежда?" вели отец Емилијан. „Тоа повеќе не е конкретниот свештеник, туку Христос."

Тоа доживување дека свештеникот стои „на место и во обличје Христово" е неопходно, пред сѐ за него, не за да се чувствува посебен или издвоен од другите, туку за да учествува во божествената слава преку светоста на својот живот, бидејќи: „(...) славата Христова не е слава што ја стекнуваме во некој етички смисол или како торжество, туку е наше учество во Божјиот живот",[108] дар што ни го предава Господ преку Своите нестворени енергии.

Дури и ако тоа не е длабоко и силно доживување и чувство, важно е свештеникот да биде свесен дека, иако грешен, се облекува во Христовата слава препуштајќи Му на Самиот Христос да литургисува преку неговото свештенодејство. Токму затоа, како забележува Емилијан, на Малиот Вход свештеникот го држи Евангелието пред својата глава, не за да го скрие лицето, туку за да ја сведочи таа реалност - дека тој повеќе не е само обичен човек, туку го оприсутнува самиот Христос.[109]

---

[107] БП, 116-117.
[108] БИБ, 16.
[109] БИБ, 49.

Старецот тоа доживување го изразува со силни зборови: „Јас сум Христос, Христос сум, бидејќи сум сотелесен Христос и сѐ што стапува во заедница со Христос станува Христос, како што сѐ што доаѓа во допир со оган станува оган. Христос сум, бидејќи сум Негов храм, бидејќи сум на собранието, Христос сум, бидејќи ја служам Литургијата. Христос сум, бидејќи сум свештеник и Го изобразувам Христа, а не Негов претставник. Христос сум, бидејќи сум верник, бидејќи сум крстен и бидејќи сум ученик, а ученик значи Христос. И христијанин значи Христос."[110]

Местото каде што свештеникот стои за време на Литургијата е „страшно место", но истовремено и место за спасение, бидејќи тоа е местото каде се собира Црквата — единственото место за спасение на овој свет. Место за кое покрај верата, надежта и љубовта, е потребна и своевидна смелост.

Затоа свештенослужителот мора непрекинато, со страв и усрдност, да се грижи за своето спасение, да се бори и подвизува, за да ја одржува положбата што му ја подарил Бог, за како што вели старецот Емилијан, во спротивно да не му недостасува смелост. Тој додава: „Ако немаш смелост пред Жртвеникот, не можеш ни да служиш, ниту било што друго да правиш. Како ќе излезеш да кажеш „Мир на сите" и каков мир ќе дадеш ако сам немаш смелост, па, следствено, ни мир? Тогаш си како истрошена, напукната пружина, неупотреблив човек, мртво срце што ништо од себе не може да даде."[111]

За да го зачува својот внатрешен мир, но и смелоста пред Жртвеникот, свештенослужителот мора да живее во непрекинато покајание — и тоа такво покајание кое треба да биде пример за целата Црква. Бидејќи никој, освен свештеникот на Светата Литургија, не може така да застане пред Христос и да ја почувствува својата грешност и ништовност, за да може, како што вели Старецот, да стекне самопрекор што го воведува во просторот на духовната лествица, која го подига во таинственото единство со Господ.[112]

---

[110] БИБ, 125-126.
[111] БИБ, 60.
[112] БИБ, 74.

„Да се служи", според отец Емилијан, не значи само исполнување на Божјиот Закон. „Да се служи" значи да се живее Христос. Затоа свештеникот мора да биде човек што живее во покајание, а истовремено да поседува полнота на радоста од даровите на Светиот Дух што му ги дал Бог,[113] затоа што во Него, во Христос, ја живее победата над гревот и страстите.[114]

Свештеникот мора да биде непорочен и да се чува — можеме да кажеме и да се плаши од гревот — бидејќи и најмал грев Го повредува Оној кој рекол: „Кој не е верен во малото, нема да биде верен ни во големото" (Лк 16, 10).

Во овој контекст, старецот Емилијан вели: „(...) ако некој падне и стане еднаш или двапати, и Бог му даде благодат, а тој ја загуби поради својата невнимателност, прашање е дали повторно ќе може да стекне мир и смелост пред Бог. Затоа никогаш да не мислиме дека едно покајание може да ја врати благодатта."[115]

По секој грев и задоволување на сопствените страсти, во нас останува суптилна наклонетост кон гревот, дури и ако човекот добил прошка од

---

[113] Динамичната природа на осветувањето и неговата дијалошка димензија, во која истовремено учествуваат Синот и Светиот Дух со благоволението на Отецот, симонопетрискиот мистагог ја изразува со следниве зборови: „Свештеникот Го призива Отецот да Го испрати Светиот Дух за да ги освети Чесните Дарови и да ги направи Тело и Крв Христови, а потоа му се моли на Христос, Кој е присутен во Чесните Дарови, да му ги возврати даровите. Со други зборови, Духот ги осветува Честите Дарови, а Христос, Кој е присутен во нив, му ги возвраќа на свештеникот даровите, односно Божјото причестие — Телото и Крвта Христови, кои стануваат извор на осветување." (ТППАИ, 318.) Игуменот Елисеј Симонопетрит ја истакнува мистагошката улога на отец Емилијан во нивната монашка заедница, велејќи дека тој го откривал животот во Црквата: „(...) мистагошки, опипливо, педагошки, катихетски, на утешен начин, но и со полно чувство на вистинитост и автентичност. Стоејќи непрекинато пред невидливиот Господ како видлив, знаеше на мистичен начин да ги претстави пред Бог и своите синови, монасите, и секој што бараше негово посредништво кај Бога." Arhimandritul Elisei, Stareţul Sfintei Mănăstiri Simonos Petras. „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Casa lui Dumnezeu poarta cerului, despre monahism, stareţ şi ucenic, trad. Ierom. Agapie (Corbu), (Arad: Sf. Nectarie,2022), 10.

[114] БИБ, 164-165.

[115] БИБ, 60.

Бога за сторените беззаконија.[116] Токму таа наклонетост и „неверност во малото“ ја одзема смелоста на свештенослужителот пред Жртвеникот: „Покајанието значи дека се преумив и доброволно не се менувам на полошо; во спротивно, потврдувам дека не сум се покајал. Дури и моите помисли и страсти ме уверуваат дека сум склон кон промени, дека не сум се покајал.[117]

Сите трезвеноумни Отци се согласуваат дека, кога човек ќе си допушти макар и најмала согласност со гревот, следува сериозен пад. Според старец Емилијан, критериумите за свештеникот се многу построги, бидејќи духот на горделивоста или некоја непристоен збор што може да го рани срцето на ближниот, за свештеникот може да биде толку голем грев, колку што е блудот или некој друг тежок грев за човекот што живее во светот.[118]

Подвижничкиот живот на свештеникот треба да биде како „свеќа поставена на свеќник“ (Мт 5, 15) и да го осветлува патот на спасенитето за сите во Црквата, зашто тој, како што вели Старецот, „(...) треба да биде наш служител, избраник, за да можеме спокојно да спиеме, знаејќи дека пастирот бдее. Тоа значи дека сакаме неговиот ден да биде исполнет со вера и преданост кон Бога, а тој самиот да биде обземен со копнеж, ревност и страв што произлегуваат од местото што го зазема, бидејќи тој го претставува народот, а кога станува збор за општожитието – братството или сестринството. Сето тоа му се дарува преку долготрпеливоста и љубовта Божја, на која тој треба чесно да возврати.“[119]

---

[116] БИБ, 60. Тоа подлабоко го објаснува на друго место: „Не се сомневам, вели ава Исаија, дека при исповед врз тебе слегува благодатта Божја, преку која свештеникот Го моли Бог да ти го прости гревот. Но тоа не значи дека гревот е уништен. Се простува единствено вината, но во тебе останува коренот и силата на гревот, желбата за грев и уживањето во него, љубовта и копнежот по него. Затоа, нека не те умирува прошката што си ја добил на исповед, туку нека те обврзе уште повеќе да работиш на себеси, затоа што може да се случи, по добивањето на голема благодат, да ја отфрлиш и да не го почувствуваш стравот што треба да го имаш пред Бог и да не сфатиш колку сериозно си згрешил пред Него.“ (ТППАИ, 187)

[117] ПМБ, 175.

[118] БИБ, 61.

[119] БИБ, 61

Како што учи старец Емилијан, личниот подвиг на свештеникот е неговото смирено учество во Христовиот крст. Тоа е неговото лично самоиспразнување, во кое целата заедница во свештеникот не би можела да види ништо друго освен Христа – сè до исчезнување во Неговиот примрак, така што самиот свештеник не може да се види ниту во себе, ниту во делото свое.[120]

Не треба да се заборави дека личниот подвиг е единствениот правилен одговор на личниот повик со кој Господ го повикал свештенослужителот монах: „Личниот повик на Господа упатен кон монахот не е апстрактен, туку се остварува во просторот и времето, како 'Пасха' – премин од просторот на 'душевното тело' во пределите на 'Духовното тело'."[121]

Најважната подготовка на свештеникот за служење на Литургијата се одвива во текот на ноќта, зашто сè што се извршува на собранието мора најнапред да се изврши лично во келијата, на жртвеникот на неговото срце.[122]

Неговата Литургија на собранието ќе биде само одраз на тоа ноќно мистично доживување, доколку го имал, бидејќи единствено таквиот живот во подвиг претставува предуслов за неговото лично, полно и вистинско доживување на самата Литургија.[123] Старецот предупредува: „Оние кои од постела одат во Црква не можат да се молат. Истото важи и за вечерната. Еден час порано го прекинуваме манастирското послушание и одиме во својата ќелија за да Му кажеме два збора на Бога и заедно со Него да отидеме во Црква, продолжувајќи го нашиот разговор, нашето општење, на нашата заедничка молитва."[124]

Нема ништо потрагично од свештенството и служењето во кое Христовиот свештенослужител останува лишен од Христа. Старецот овде, секако, зборува за личното доживување и духовната состојба на самиот свештеник: неговиот неуспех и мрзливост, повредувајќи го него

[120] БИБ, 72.
[121] ПИ, 78.
[122] БИБ, 81.
[123] БИБ, 140-141.
[124] ТЖ, 91.

самиот, не го нарушуваат литургиското собрание на Црквата. Тоа јасно се потврдува и во следните негови зборови: „За да можеме навистина да имаме силно доживување на богослужбата, мора да ѝ претходи силна ноќ. Човек кој ноќе спие не може да оди да Го слави Бога. Дури и ако успее во тоа, тоа ќе биде слабо и безбојно! Црквата ќе се собере, Христос ќе слезе, светата благодат ќе слезе, но ти ќе си отидеш гол, каков што и си влегол."[125]

Токму затоа, Литургијата не е обичен обред и не смее да се сведе на тоа, особено не во животот на свештеномонахот, бидејќи таа, пред сè, претставува длабоко мистично искуство што го соединува човекот со Бога. Затоа духовната и практичната подготовка на свештеникот имаат клучна улога во овозможувањето на тоа искуство.

Епитрахил и бројаница: Исихастичката димензија на свештенослужењето

Критериумите на Црквата, согласно со светоотечкото предание на кое несомнено му припаѓа и современиот старец и исихаст Емилијан Симонопетриски, се исклучително строги во однос на тоа кој може да биде ракоположен за свештеник. Истата строгост се применува и во поглед на подготовката – не само надворешната, туку, пред сè, духовната подготовка на внатрешниот човек и неговото срце, како духовен центар на битието, за да може да го доживее Светотроичното таинство на Црквата и да земе учество во него.

Од што се состои таа подготовка? „Од подготовката на срцето, така што тоа во себе може да го прими Божеството", би бил најкраткиот одговор на отец Емилијан, во потполна согласност со светоотечкото предание.[126]

Бидејќи една од најзабележливите карактеристики на паднатата состојба на човековиот ум е расеаноста, односно поделеноста, исцелението

---

125 БИБ, 85.
126 БИБ, 29.

најнапред мора да се случи во самиот ум,[127] во неговото соединување со срцето. Сепак, пред тоа му претходи исклучителен аскетски напор умот да се собере во зборовите на Исусовата молитва: „Господи Исусе Христе, помилуј ме", ослободувајќи се од сè друго. Старец Емилијан вели: „Бог го посакува целиот наш ум и не поднесува тој да биде поделен. До соединување доаѓа на умносрдечен начин, бидејќи рековме дека Светата Литургија е благодарење во Негов спомен, и затоа е природно соединувањето да се случува во умот. Нека затоа нашиот ум биде сосема празен, за да може да биде исполнет и обземен од Христос, за да може да се исполни со Бога."[128]

Аскетско-исихастичкото искуство на умносрдечната молитва е „едното потребно" (Лк 10, 42) за свештенослужителот, за тој постојано да се подготвува и секогаш да биде спремен за божествената Служба. Според учењето на старец Емилијан, преку Исусовата молитва ги стекнуваме сите Божји права и истовремено се вподобуваме на Христос, таинствено станувајќи и принос и свештеници. Во тој смисол, срцето станува жртвеник, а нашиот просветлен ум — свештенослужител.[129]

Оваа крсно-воскресна подготовка на свештеникот за служење на Литургијата во монашките заедници подразбира умирање за светот, па дури и за човечката заедница, која треба да ја доживува во осаменоста на своето срце, избегнувајќи ја секоја човечка утеха, додека ја бара единствено Божјата.

Ова не е самољубив комодитет во осаменост и индивидуализам. Напротив, „(...) ќе ги љуби сите, ќе се жртвува за сите, ќе ја остави молитвата и бројаницата, ќе го дава своето битие на другите, ќе ја пролева својата крв, но нема да учествува во ничија љубов. Во спротивно, никогаш нема вистински да може да се насладува и да се радува во љубовта Божја. Ќе мисли дека се радува во Бога, а всушност ќе се радува во луѓето."[130]

---

[127] Митрополит Струмички Наум, Надминување на дуализмот, (Библиотека Воведение, Велјуса, 2014), 57.

[128] БИБ, 123-124.

[129] БИБ, 171.

[130] БИБ, 78.

Не само радостите на овој свет, не само човечката радост, туку ниту една животна грижа не смее да го расее свештенослужителот за време на неговата непрестајна Литургија на олтарот на срцето. Зашто, кој е достоен за поголема љубов и внимание од служителот, ако не Оној на Кого Му служи?

Кому ќе му ги изложи своите грижи, ако не на Оној Кој му рекол да „го бара најнапред Царството Негово, а сè друго ќе му се придодаде" (Мт 6, 33)? Загриженоста кај свештеникот би значела дека има своја волја и свои желби, а тоа не прилега на оној кој ден и ноќ во своето срце ја бара волјата Божја. Старецот вели: „Тоа Му го должиме — Нему, Кој никогаш нема да престане да биде центарот, исполнението и целта на нашиот живот."[131]

Единствената сигурност што свештеникот треба да ја бара е чувството на сигурност дека ќе излезе и ќе застане пред лицето Божјо. Кога било кој свештеник ќе одлучи да ја служи Литургијата, средбата со Бог е неизбежна — сакал тој или не, верувал или не, посакувал или не. Блажениот Старец го опоменува свештеникот да внимава средбата со Христос да не остане празна. Тој вели: „Можно е во храмот сите да се движиме околу Христос, а само служителот, или можеби ни тој, туку некој друг, или можеби сите други, да црпат сила налик на крвоточивата или да добиваат благодат како Хананејката од својата средба со Христос."[132]

Затоа старецот Емилијан нагласува дека на литургиската средба на свештеникот со Бог мора да ѝ претходи средба во неговото срце, очистено од страсти и гревови. Во таквото срце, неговиот ум, секојдневно собран во зборовите на Исусовата молитва, литургисува и го созерцува Лицето Божјо. Старецот понекогаш изговара зборови кои не се лесни за слушање: „Служителот треба да го знае тоа, да го цени и да биде решен да напредува, бидејќи ако таа средба не се случи, тој не може да ја служи Литургијата."[133]

---

[131] БИБ, 35.
[132] БИБ, 69.
[133] БИБ, 69.

Зборовите на старецот Емилијан Симонопетриски за подготовката на свештенослужителот за Светата Литургија откриваат длабока духовна перспектива на свештеничката служба. Вистинската подготовка се одвива првенствено во срцето, но тоа не е само подготовка, туку и доживување на Црквата и Литургијата, преку единството на умот[134] и срцето во непрестајна молитва, испреплетена со покајание и постојан подвиг.

Атмосферата на исихастичкото искуство на свештенослужењето ја претставува најдлабоката и најавтентичната атмосфера во која Црквата со векови живее и ја служи својата Литургија. Многу е важно, како што вели Старецот, да не ги напуштаме принципите и критериумите кои нашите отци ги утврдиле преку своето лично искуство во умносрдечната молитва, но секогаш во Црквата и преку Црквата. Зашто оној што не ја собрал најнапред Црквата во своето срце, нема да може ниту да ја разбере, ниту да ја служи нејзината Света Литургија на правилен начин.

Старецот нагласува дека автентичното свештенослужење произлегува од живото искуство на Божјото присуство, најнапред во срцето, но и во сите литургиски моменти на собранието, кои го насочуваат свештеникот кон единството со Христос.

Преку оваа аскетско-исихастичка перспектива на свештенството, ја согледуваме длабочината на тајната на Светата Литургија и разбираме дека човекот е создаден да биде литургиско битие — најпрво умот, како свештенослужител, кој себеси се принесува на олтарот на срцето, а потоа и целото негово битие, како своевиден Божји Храм, станува способен да ја прими во себе Црквата и целиот свет. Во тишината на внатрешната келија, свештеникот се соединува со Христос, станувајќи живо и движечко Евангелие. Неговата подготовка всушност претставува непрестајно умирање за светот и воскреснување во Христос и за Христос, својот Господ.

Сето тоа Старецот Емилијан го сублимира со следните зборови:

„Треба да бидеме во атмосферата на Црквата, но истовремено да ја постигнеме собраноста на умот и срцето, така што навистина ќе бидеме

[134] ТЖ, 445.

затворени во себе, бидејќи во себе ќе го најдеме Царството Божјо, самиот Бог, Небото. Таму треба да ја собереме целата Црква. Сè треба да биде дел од нас. (...) Раздвоената совест, раздвоеното срце, раздвоениот ум се немоќни да Му служат на Бог и да „ги подигнат (...) жртвите“ и да ги принесат на Господа. Собраноста е основната работа.“[135]

---

[135] БИБ, 106.

МИСТИЧНИОТ ЖИВОТ

Мистичниот живот и искуството на православното монаштво ја претставуваат главната нишка во учењето на старец Емилијан. Тој е носител, автентичен сведок и проповедник на истиот мистичен опит на светите подвижници. Во неговите дела, мистичниот живот — или, како што знаеше да каже, мистичниот ноќен живот[136] — е единствениот пат што води кон богопознание[137], кон заедништво со Бога и кон лично и вистинско искуство на Бога.

Еден од главните аспекти на мистичниот концепт на старец Емилијан е личното искуство на Бога во секојдневниот живот. Емилијан не зборува за повремено чувство или претчувство на Божјото присуство во срцето, природата или во емоционалното доживување на богослужбата, туку пред сѐ за молитвеното единство на умот и срцето пред Бога и во Него. Ова единство е нераскинливо поврзано со аскетската пракса што ги опфаќа постот, бдението,[138] тихувањето и осаменоста, како и исполнувањето на евангелските заповеди. Секој од овие елементи станува мал чин на богоопштење во секојдневниот живот и можност за средба со Бога. Местото каде што умот се среќава и разговара со Бога е срцето — духовниот центар на човечковото битие.[139]

Иако старецот речиси секогаш зборува за мистичниот живот во контекст на монашкиот подвижнички живот, на многу места во своите

---

[136] ТППАИ, 90.

[137] За обожувањето и богопознанието види повеќе во.: Митрополит Струмички Наум, *Исихазмът в светогорското монашество през XX век: Умносрдечната молитва в хармонията на аскетичния подвиг*, (Университетско издавателство „Св. Климент Охридски", София, 2009), 237.

[138] „Cuvântul Editorului", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, *Cuvânt despre ascultare şi priveghere*, trad. Ierom. Agapie (Corbu), (Arad: Sf. Nectarie, 2013), 7.

[139] Митрополит Струмички Наум, *Плодоносна девственост*, (Библиотека Воведение, Велјуса, 2012), 138.

дела тој истакнува дека таквото искуство на Бога е достапно за секој христијанин во светот, исто како и во манастир, ако искрено и посветено Го бара Бога. Сепак, старецот му дава одредена предност на монаштвото како начин на живот што е организиран според свештеното искуство на древните монашки заедници. Таквиот начин на живот не остава простор за импровизација или за пројавување на човековата огревовена волја, која е главна пречка на патот кон Бога. Во монашките заедници, оваа волја се исцелува преку послушание кон Старецот[140], преку целосно предавање и длабока доверба во него.

Монахот што не застанал пред Бога и не Го познал како апостолот Тома што извикал: „Господ мој и Бог мој", ја промашил својата цел и животот. Дури кога ќе види и почувствува дека Бог го држи за двете раце, вели Емилијан, може да каже дека станал вистински монах.[141]

Емилијан тука целосно ја следи теолошката мисла на трезвеноумните отци, претставници на исихастичкото предание на Црквата, нагласувајќи дека присуството на Светиот Дух во нашиот живот не е плод на имагинација, ниту пак дека до боговидението доаѓаме само по смртта, туку дека овде и сега, на личната Педесетница во келијата на срцето, може да се сретне Живиот Бог. Иако Неговото присуство е тивко и ненаметливо, недостигот на искуство на заедништво со Бога, според зборовите на старецот, значи само едно — дека никогаш и не сме биле во заедница со Светиот Дух.[142]

Монахот кој оди по патот на послушанието[143], по добро натапканиот пат од стапките на светите отци на Црквата, и живее во ова мистично искуство на богочовечко соединување во љубовна заедница со Живиот Бог, го проширува своето срце до таа мера што во него, покрај Бога, може да го смести сето создание и целиот свет, станувајќи соборен човек, како што вели отец Емилијан.[144]

---

[140] ТЖ, 329.
[141] ЖУД, 128-129.
[142] БИБ, 76.
[143] „Cuvântul Editorului", 7.
[144] ЖУД, 214.

Тогаш монахот, кој го оставил и презрел светот заради Бога, станува господар на целиот свет. Иако сиромав, без никаква сопственост во овој свет, тој станува вистински богат во најдлабоката смисла на зборот, бидејќи Бога го направил главна содржина на своето срце. Отец Емилијан го изразува тоа вака: „Откако го стекнав тоа доживување, откривам дека целиот свет е мој: небото, земјата, Рајот, Отецот, Синот, Светиот Дух — сè е мое; Ангелите, Светителите, Тајните — сè е тука за мене. Како што сè во нашиот манастир — трпезаријата, централните простории, храмот, келиите, светлата што се палат — се тука поради мене, така чувствувам дека и сè во светот е мое.“[145]

Мистичното искуство на православното монаштво никогаш не е одвоено, индивидуално или изолирано од другите, туку секогаш е лично, затоа што тоа е искуство на Црквата што се дарува во соборот на многу личности (т.е. Црквата) преку Светиот Дух. Аскетско-исихастичкото предание и созерцанието на Бога со просветлен ум во срцето ја добиваат својата полна смисла — или, подобро речено, своето остварување — во Светата Литургија и во Божественото причестување.[146]

Зборовите на Емилијан тоа најдобро го изразуваат: „Почнувам да се радувам на божественото заедништво, на божественото причестување, разбирам дека денес се причестив со Бога. Се молам со Исусовата молитва и сфаќам дека денес мојот здив и моите усни со ‘Господи Исусе Христе’ Го примале Христос, дека моето срце Го примило Христос, дека мојот ум се исполнил со Христос.“[147]

Просветлениот човек, односно неговиот ум,[148] станува причесник во несоздадените енергии на Светиот Дух и тогаш, „во Неговата Светлина ја

---

145 ЖУД, 214.

146 Соборните и светотаинските димензии на монашкиот живот и начинот на кој тие се откриваат во древните чинови на монашење види повеќе во: Владимир Вукашиновић, Зоран Ранковић, „Служба на пострижење монахиње (чрноризице) у српском евхологиону Гильф. 21 РНБ из XIII-XIV века“, у: *Зборник радова са научног скупа 825 година пострига Свете Анастасије – Манастир Пресвете Богородице у Куршумлији*, Куршумлија – Пролом Бања, 26.-28. новембар 2021. године, приредио В. Вукашиновић, 25-42, (Београд: Православни богословски факултет Универзитета; Ниш: Православна Епархија нишка, 2023).

147 ЖУД, 215.

148 ТЖ, 354.

гледа светлината". Тоа е од суштинско значење за опстанокот на секоја монашка заедница: „Затоа, опстанокот на една монашка заедница е прашање на опстанок на личностите, бидејќи тие треба да Го придобијат Светиот Дух. Може да има многу монаси во еден манастир, а манастирот да згасне за пет години. Но еден или двајца свети монаси можат да го спасат манастирот и тој да живее илјада години и повеќе."[149]

Емилијан инсистира дека мистичниот живот е разговор со Бога и личносен однос со Логосот — Божјото Слово. Непрестаното повторување на Исусовата молитва: „Господи Исусе Христе, помилуј ме," го претставува нашето настојување да водиме разговор со Божјото Слово. Но, тој разговор не завршува само со Него и во Него, туку преку заедницата со Синот Божји и преку Синот се пренесува кон Отецот, за конечно сè да се возглави во Отецот. Во животот на човекот што се обожува, Емилијан истакнува дека не е можно да останеме двајца — јас и Тој — туку треба да станеме едно, и тоа едно да биде Тој, и тоа Тој во Отецот.[150]

За монахот да ја достигне состојбата во која може да живее мистичен живот, како што беше опишано, тој мора да пројави таков копнеж што ќе го заклучи својот ум во зборовите на Исусовата молитва, без интерес за ништо друго, освен за послушанието во рамките на манастирот. Сè друго ќе направи Бог, вели Емилијан: „А што прави Тој? Се смалува, се појавува како мир, а не како слава. Така го гледам мирот на својата душа, на своето срце, радоста, среќата, добротворноста, слатките солзи што течат од моите очи кога се каам и сфаќам дека Христос е во мене. Сфаќам дека Христос разговарал со мене. Христос ме посетил, Христос ме прегрнал."[151]

Живот во подвиг

Црквата по својата природа е подвижничка, и затоа монашкиот живот, како најдлабок израз на христијанскиот живот во Црквата, е

---

[149] ТЖ, 331.
[150] ЖУД, 118-119.
[151] СДЖ, 204.

секогаш подвижнички и аскетски. Во своите учења и упатства до монасите, Старецот Емилијан му придава големо значење на аскетскиот подвиг, кој не само што служи како добра и неопходна основа за монашкиот живот, туку и како пат по кој треба да тргнат сите христијани[152] кои се стремат кон обожение. Архимандритот Елисеј, Наследникот на старецот Емилијан, го потврдува ова велејќи: „Старецот им се обрати на монасите и монахињите. Но, целта на монахот и на секој верник е иста, а на сите нив Црквата им дава исти средства за осветување, во согласност со можностите на секој од нив."[153]

За Старецот Емилијан, како и за Светите Отци подвижници, аскетскиот подвиг не е цел сам по себе, туку средство или пат кон бестрастието[154] и духовното преобразување на личноста.

Во делата на отец Емилијан, аскетскиот подвиг не е прашање од техничка природа, туку пред сè соочување со стариот човек, оној кој со својата грешна волја и гревот што живее во него, во подвигот мора да умре, за да се открие Божјата волја и да се роди нов, охристовен човек. Во аскетскиот подвиг, на патот кон Бога, монахот доброволно умира за себе и за својот егоцентризам, за да живее за Бога и да стане братољубив, љубејќи ја заедницата во која се подвизува со христоподобна љубов.

Монашкиот подвиг и аскезата за отец Емилијан не се исклучиво монашка пракса, туку се и вечно актуелен пример и патоказ за сите христијани[155] кои живеат во светот: „Личното подвизување на верникот по урнекот на монашкиот подвиг, подразбира трпение, воздржување, покајание, долготрпеливост, пост, бдеење, тихување, труд, болка – сето тоа го сочинува подвижништвото".[156] Сите овие добродетели коишто ги набројува Старецот го обликуваат човекот како вистински подвижник.

---

[152] ПМБ, 69.
[153] Arhimandritul Elisei, Egumenul Sfintei Mănăstiri Simonos Petras. „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, *Dumnezeiescul Urcuş, Tâlcuire La Cuviosul Teognost*, trad. Ierom. Agapie (Corbu), (Arad: Sf. Nectarie, 2020), 11.
[154] ТЖ, 60.
[155] Arhimandritul Elisei, „Prolog", (Arad: Sf. Nectarie, 2020), 8-9.
[156] БИБ, 168.

Со подвигот на отсекување на страстите монахот го подготвува своето срце за да го прими Бога.

Меѓутоа, дури и откако ќе се оствари таквото соединување во духот на отечкото подвижништво, подвигот не завршува, бидејќи: „Дури и ако некој го достигне крајот на добродетелта, сè уште му е потребен подвижнички труд“, како што отец Емилијан го цитира авва Филимон.“[157]

По учењето на Светите Отци, кон кои старец Емилијан е доследен во целост, подвигот може да биде аскетски и благодатен. Аскетскиот подвиг подразбира *непрекинато принудување на природата*,[158] во миговите кога човекот не може да ја почувствува Божјата благодат дејствително, а која му помага во подвигот, тој со сила се принудува себеси. Тогаш, со голем напор настојува да пости, бдее, да се моли и слично. Трудот и принудувањето во подвигот претставуваат враќање на битието во природниот живот, таков каков што бил пред падот.

Покајание: лично и светотаинско враќање кон Бога

Во делата на старецот Емилијан покајанието се доживува како силен тектонски потрес, кој продира низ целото човеково битие и неминовно доведува до преумување – длабока промена на умот. Оваа промена не опфаќа само нови начини на размислување, туку и сосема поинакво поимање на стварноста: светот, самиот себе, Бог, ближните и односите со нив.

Скоро секогаш, посебно на монашките собири, Старецот нагласува дека покајанието, особено во монашкиот живот, не смее да биде површно жалење за сторените гревови, туку мора да биде потполно преобразување на личноста. Оваа преобразување треба да се одрази и во надворешниот

---

[157] БИБ, 168.

[158] Единственото раскинување што отец Емилијан го бара од монахот е раскинување со гревот: „Значи, само оној што се кае и ја прекинал секоја врска со гревот може да ги оплакува своите гревови. Оној што не се покајал или нема волја да прекине со гревот, тој плаче за да се измами себеси и Бога. Во таков случај, плачот претставува своевидна противтежа на непокајанието.“ (ТЖ, 67)

начин на живот на подвижникот, кој треба да биде сосема спротивен на гревовните навики на стариот човек, а во согласност со Божјите заповеди и дарот на покајничката благодат, која го проникнува целото битие на оној што се кае.

Старецот опитно богословствува: „Што значи зборот *йокајание* (μετάνοια = преумување)? Со други зборови, со сложенката ум е изразен владеачкиот орган на нашето битие, окото на нашиот живот. Предлогот *ка*, првиот дел од сложенката, означува премин, движење на нашиот ум и резултат на нашето гледиште."[159] Една од главните последици на вистинското преумување и покајание е стекнувањето длабоко чувство на изгнанство, бидејќи духовниот живот токму со тоа започнува. Затоа, првиот елемент што им е потребен на нашите души за да започнат духовен живот е токму тоа чувство.[160]

Драмата на прародителскиот пад и неговите последици за сите нивни потомци претставува главна нишка што провејува низ сите беседи и омилии на старецот за покајанието. Со тоа, старецот сака да ја истакне реалноста на изгнанството и фактот дека човековата душа никогаш не може да најде покој во овој свет, отпаднат од Бога, колку и да го посакува тоа.

Длабокото самопознавање подразбира спознание на состојбата на падот и одвоеноста од Бога, ранливоста на нашето битие, како и тоа дека само преку покајание, како што учи Старецот, може да се оствари нашето обновување, враќањето во чистотата[161] пред падот и единството со Бога. Христијанинот кој доживеал вакво преумување не може да живее во овој свет поинаку освен како странец, како оној што не е од овој свет. Целиот негов живот станува туѓинување и враќање во домот на својот Отец преку покајание. Отец Емилијан предупредува: „Потребни се копнеж и туѓинување, интерес (за духовниот живот) и незаинтересираност (за сѐ друго)."[162]

---

[159] СДЖ, 36.
[160] ЖУД, 15.
[161] ТЖ, 353.
[162] СДЖ, 144.

Да се стекне длабоко самопознавање значи да се соочиш со себеси соголен од божествената благодат, расчовечен и немоќен, додека стоиш на работ на бездната што се простира помеѓу тебе, синот Адамов, и Создателот. Во тој момент на спознание, сфаќаш дека си ништо, прав и пепел, дека си безнадежно несличен на Него и неспособен за какво било заедништво со Него. Токму во таа тешка вистина, без никаква самоувереност и илузии за сопствената сила, се открива личносната димензија на покајанието. Или, со зборовите на отец Емилијан: „Се свртувам кон Бога значи тежнеам кон Бога во исчекување, зашто јас сум долу на земјата, а Тој е горе на небото. Јас не можам да се искачам, Тој треба да слезе за да ме најде. Во овој миг, кога сакам да разговарам со Него и да Го примам, Тој повторно треба да ги напушти небесата, да се испразни од Себеси за да ми го подари Своето битие и да дојде до преобразба, за да влезам јас во Него и Тој во мене."[163]

Старецот на многу места во своите дела нагласува дека дури и ако некој поседува вистинско и длабоко покајание, тоа не е негово дело, туку Божји дар. Затоа, човек не треба да ја полага својата надеж во добродетелите, дури и ако ги има, туку исклучиво во Богочовекот Христос, нашата единствена надеж. Во тој контекст, учењето на старец Емилијан е целосно евангелско и светоотечко, бидејќи е апсолутно христоцентрично.

Покајанието, според Старецот, не е цел сама за себе, туку единствениот пат кон Христос и смирението. Никој не може да стекне вистинско смирение ако не се скруши себеси преку покајание заради тоа колку е оддалечен и несличен на Христос, Кој ги повикува сите да се угледаат на Него, Кој е кроток и смирен по срце (Мт 11, 29).

Најдлабокиот израз на копнежот по Бога, според учењето на старец Емилијан, е длабокото покајание што го принудува подвижникот доброволно да се лиши од секоја телесна утеха. Таквиот човек себеси се смета за недостоен за каква било утеха, се откажува од неа, сакајќи

---

[163] ЖУД, 63.

само во длабочината на своето срце да слушне: простено ти е сѐ, оди и не греши веќе (Јн 8, 11).

Покајанието на земјата нема крај, затоа што мерилото за монахот не е човековата правда или ефемерниот морал, кој би можел да се достигне и со тоа да се укине потребата од покајание. Мерило за сѐ, па и за самиот себе, за монахот е Богочовекот Христос, Кој заради нас стана послушен сѐ до самата смрт – и тоа смрт на Крстот (Фил 2, 8) – доброволно предавајќи се Себеси за да нѐ спаси. Оној кој се подвизува во покајание знае дека на таков Бог може да Му пристапи само преку самоодрекување и личен кенозис, како што учи отец Емилијан: „Треба да се испразнам за да Го примам Бога, како што и Господ се испразни Себеси за да го прими човекот. Тој слезе, а јас треба да го направам токму спротивното – да се искачам, за да Го примам преку Неговите дејства, енергии. Треба да се испразнам, да излезам од себе, да се откажам од себе, да ставам потпис на сопствениот неуспех, на некој начин."[164]

Оној кој вистински се кае го распнува својот егоизам и својата волја преку подвигот на послушание кон својот духовен отец и братството, цврсто верувајќи дека со тоа се вподобува на Оној кој, иако безгрешен, од љубов кон грешниот човек, преку послушанието кон Отецот, отиде на Крстот, прифаќајќи болка и страдање. Болката[165] која настанува во подвигот на умртвувањето на стариот човек станува радосно и благодатно себепринесување.[166]

---

[164] ЖУД, 93.

[165] Наум Митрополит Струмички, *Философски стрмнини*, 317-318.

[166] „Од друга страна, и најмалиот бол што ќе го претрпиме заради Богочовекот Христос и заради исполнување на Неговите заповеди, ќе ни донесе духовна и трајна сладост и здравје. Но што е за нас како монаси од исклучителна и животна важност, ако веќе знаеме дека очистувањето на срцето од страстите и примањето на дарот на срцевата молитва е императив на нашето монашко звање и подвиг? Мораме самите на себе да си предизвикаме распнување и болка на умот и негово погребување во срцето, во подвигот на љубовта кон нашиот Бог, ако сакаме да ја доживееме непрекинатата сладост на Божјата благодат, односно ако сакаме да го доживееме преображението и воскресението на нашиот ум и гледањето на нестворената слава и светлина Божја."(Наум, Митрополит Струмички, *Философски стрмнини*, стр. 318)

На едно собрание, отец Емилијан, зборувајќи за болката и страдањето во подвижничкиот живот и за потребата монахот да се изгуби себеси – бидејќи само оној што ќе ја изгуби душата своја (Марко 8, 34-37) може да ја најде соединета со Бога – вели: „Подвигот беше мојата болка, а сега болката по божествената благодат, по Бога.“[167]

Човек не може да направи ништо толку големо што би го воодушевило Бог, како кога ќе Му принесе искрено покајание. Тоа е единственото што Тој го сака и го очекува од луѓето, бидејќи, како што Самиот рекол: „Бива радост пред ангелите Божји за еден грешник што се кае“ (Лк 15, 10). Само преку покајанието и умирањето за овој свет, како што вели отец Емилијан, можеме да го трогнеме Господ, да Го воодушевиме, да Го присилиме да ни се открие Себе.[168] „Потопувајќи се и исчезнувајќи во огнот на покајанието и умирањето за гревот и за овој свет кој лежи во зло: '(...) правиме Тој тоа силно да го посака. Колку повеќе ние умираме и чекаме, толку повеќе Бог сака да влезе и влегува во нас.'“[169]

За отец Емилијан, не постои добродетел или можност за усовршување надвор од заедницата, надвор од Црквата. Отецот често нагласува дека можноста за вистинско самопознавање, како и самото покајание, се дарови на Светиот Дух, кои се даруваат на оние што со покајание се враќаат од далечната земја и стануваат дел од богочовечкиот организам на Црквата Христова. Целта на покајанието и исповедта не е исклучиво самопознавањето, туку богопознавањето, учеството во Него, или подобро кажано, примањето на Него Самиот, Кој на Светата Литургија се прекршува и се раздава на оние што се каат.

Свеста за тоа дека човекот ја промашил својата цел и смислата на постоењето, дека постои Бог што го создал за Себе и за заедница со Него, и дека тој Бог е повреден од грешниот живот на човекот, претставува само почеток на патот што води кон Црквата. Зашто, единствено таму Тој го чека оној што се кае, и единствено таму, преку исповедта на Црквата,

---

[167] ЖУД, 29.
[168] ЖУД, 136.
[169] ЖУД, 136.

човекот преку смирение и исповед, го покажува своето вистинско покајание.

Отец Емилијан вели: „*Смирете се!* Секој од нас може непрекинато да има такви денови на смирение. Кога го чувствува својот грев, кога чувствува како ги губи деновите, тогаш може да ја стави главата под епитрахилот на свештеникот и да каже: *Оче, му погрешив на Бога*. Стави го твојот епитрахил на мене за да го почувствувам невидливото благодатно дејство на видлив начин. Стави го за да го прими Бог моето срце, кое се смирува пред Него.“[170]

Надвор од Црквата, сè може да стане идол и бог наместо Бог, дури и подвигот и покајанието. Единствено во Црквата оној што се кае може да го сретне Господ, да падне пред Неговите нозе, да побара и да добие прошка, бидејќи Тој е таму каде што е и Неговата Црква: „Бидејќи каде се двајца или тројца собрани во мое име, таму сум и јас меѓу нив“ (Мт 18, 20). Единствено во Црквата, сите наши подвизи и добродетелства водат кон Господ и не можат да станат идоли наместо Него, бидејќи Црквата, како Негово тело, го има Господ за своја глава.

Христијанинот кој се покајал не задржува ништо за себе, дури ни своите гревови. Преку покајна исповед, тој преку својот духовен отец ги предава на Црквата, како што вели отец Емилијан: „Не само што претходно нешто криев, туку ова смирение значи дека сега своеволно се смирувам, одрекувајќи се од сè што сум застапувал и сè што сум чувал за себе.“[171]

Во тој контекст, отец Емилијан додава: „Ако монахот во себе задржи нешто скриено од Старецот и братството – грев, помисла, неуспех, разочарување – никогаш нема да почувствува дека е соединет со нив и секогаш ќе биде несреќен. Оди каде сакаш, прави што сакаш, во грев или во светост, оди и во манастир и сокриј се. Ќе видиш дека никогаш нема да почувствуваш духовна топлина, ниту ќе можеш да ги сакаш твоите браќа, ниту ќе се радуваш на нивната љубов. Твојата врска со нив ќе биде

---

170 ЖУД, 187.
171 ЖУД, 187.

нарушена, бидејќи чуваш нешто свое. А тоа што го чуваш е центарот на твоето *јас*, така што твоето јас останува скриено, изолирано."[172]

Немаме намера да ја користиме оваа реченица за да го издвоиме и апсолутизираме формалниот чин на признавање и исповедување на гревовите, ниту за магиско добивање на разрешување и прошка, што, за жал, во некои кругови на современото време е широко распространето мислење. Отец Емилијан во ниту еден момент во сите свои дела, не го одвојува чинот на исповедта од длабокото внатрешно покајание и целосно ги следи трезвеноумните отци кога вели дека покајанието и исповедта не се миговен чин. Напротив, во онаа мера во која човекот се чисти од страстите, во таа мера неговиот ум[173] се просветлува со благодатта на Светиот Дух, така што човекот станува трезвеноумен: „Значи, првиот плод на трезвеноумноста е чистењето. Немам повеќе ни мисли, ни помисли, ни фантазии, ниту лоши дела. Каква возвишеност е да знаеш дека во својот живот си неповредлив!"[174]

Тоа не значи дека му дошол крајот на покајанието; напротив, покајанието станува сè подлабоко, а исповедта сè посмирена и поискрена: „(...) јасно е дека вистинското покајание и исповед произлегуваат и се откриваат преку трезвеноумноста. Само така, со неа, живеат и нашето тело, и нашата душа, и нашиот дух, и се гради нашиот однос со Бога."[175] Исповедта е само добар почеток, признавање на сопствената вина и повик за помош од Црквата преку искусен пастир и нашиот духовен отец. Таа претставува стремеж кон вистинско покајание, а: „(...) кога ќе стигнеме до исповедта на покајаниот човек, дури тогаш ја добиваме Божјата благодат!"[176]

---

[172] БП, 13.
[173] ТЖ, 341.
[174] ТЖ, 24.
[175] Архимандрит Емилијан, *Слово о трезвеноумљу: тумачење светог Исихија*, прев. Марина Вељковић, (Краљево: Манастир Жича, 2017, во натамошниот текст наведено скратено како СОТ, 76).
[176] СОТ, 76.

Од наведеното можеме слободно да заклучиме дека покајанието и исповедта[177] се централни аспекти на подвижничкиот живот. Покајанието не е површен чин, туку преумување – преобразба на умот и срцето – μετάνοια. За старец Емилијан од Симонопетра, покајанието претставува длабока промена на умот и срцето, која води кон преобразба на целата личност. Само вака сфатено, како постојан процес, покајанието води кон самопознавање, откажување од самољубието и оданост кон Бога.

Старецот ја нагласува личната димензија на покајанието, во која човекот ја согледува својата паднатост и целосната зависност од Божјата милост. Тој истакнува дека покајанието, пред сѐ, е Божји дар и единствениот пат кон вистинското смирение. Преку покајание и исповед ние се вподобуваме на Христос, распнувајќи го својот егоизам преку послушание кон духовниот отец.

Покајанието и исповедта на светотаински начин го подготвуваат и обликуваат себичниот и паднат човек да стане битие на заедницата, и преку причестување со Телото и Крвта Христова да стане органски дел од Црквата. Заедницата, односно Црквата, преку благодатта на Светиот Дух, го преобразува горделивиот самољубец во смирен и христолик човекољубец и богољубец. Неисповедувањето, задржувањето на нешто само за себе во рамките на заедницата – па макар тоа била и само една помисла – ја нарушува самата заедница и врската на едниот со многуте.

Светотаинската димензија на покајанието во Црквата има исклучително значење во учењето на старец Емилијан. Тој нагласува дека вистинското покајание и самопознание се остваруваат единствено во Црквата. Во неа преку исповедта, човекот сѐ му предава на Бога и станува дел од Телото Христово, а преку Литургијата за возврат го прима Самиот Бог како храна и пијалок. Така, покајанието и исповедта

---

[177] Отец Емилијан го продлабочува своето учење за исповедта со следниве искуствени согледувања: „Духовникот може сѐ да прости, дури и зборови, но на крајот судот му припаѓа само на Бога; него Бог го задржал за Себе. За „секоја реч“ што сме ја изговориле, ќе дадеме одговор. Ни самите исповеди нема да нѐ оправдаат. Само еден живот во тежок подвиг – како оној што го запознавме преку ликовите на подвижниците од нашата Црква – може евентуално да исправи и да избрише мноштво гревови сторени со јазикот.“ (ТЖ, 64)

станувaат пат кон подлабоко богопознание и го оспособуваат човекот за заедница, правејќи го истовремено човекољубив и богољубив.

Туѓинување

Еден од суштинските аспекти на аскетскиот подвиг во учењето на старец Емилијан е туѓинувањето. Туѓинувањето може да биде географска категорија, но и состојба на умот,[178] односно на духот.[179] Во една од катихезите упатени до своето братство, отец Емилијан им проповедал: „Ако туѓинуваш заради Бога, не посакувај да се мешаш со оние кои живеат на тоа место. Ако отидеш да живееш на друго место заради Бога, не се мешај со тие што живеат таму, бидејќи подобро ќе беше да останеше со своите роднини по тело. Кои се тие што живеат на тоа место? Најпрво, тоа е народот кој живее во околината на манастирот..., но тука се подразбираат и монасите кои лутаат наоколу. За нас, овие зборови значат – да не воспоставуваме постојана комуникација со други манастири, со други монаси, бидејќи на тој начин се создаваат врски и се наметнуваат обврски. Ќе одиш кај нив, тие ќе дојдат кај тебе за празник. Ќе ти пишуваат, ќе им одговараш. Затоа, не треба да имаш однос со луѓето од своето место.“[180]

Туѓинувањето подразбира живот во манастир со длабоко чувство на изгнанство, каде монахот доброволно го напушта овој свет, откажувајќи се од сè, за да го открие и да го задобие Бога. Старец Емилијан Ова туѓинување го нарекува заробеништво или доброволно ропство,[181] без кое Божјото дејствување не е можно. Монахот мора доброволно да се

---

[178] ПИ, 59.
[179] Митрополит Струмички Наум, *Школа за исихазам*, Велјуса: Библиотека Воведение, 2011. 93.
[180] ТППАИ, 74.
[181] ПИ, 59–60.

затвори, смирено да остане во манастирот,[182] трпеливо чекајќи го Божјото откровение, како што апостол Јован Богослов чекал на Патмос.[183]

Туѓинувањето значи да се живее спротивно на „типикот“ на овој свет и на сè што го карактеризира – многузборливост, метеж,[184] разговори, дури и за важни прашања, а камоли за секојдневните проблеми.[185] Туѓинувањето води кон „антисветот“, односно манастирот, каде што монашкиот живот го добива своето вистинско постоење како предвкус на идниот свет што доаѓа. Тој свет има свој јазик – јазикот на тихувањето, кој се учи во манастирот и во монашката ќелија.

Подвигот на туѓинување е подвиг на душата која, во изгнанство, живее со копнеж по смртта, што старец Емилијан го нарекува доживување на новото раѓање. Во тоа состојба, човекот е: „(...) како ембрион што во секој миг треба да се роди, зашто се исполнило времето за неговото раѓање. Копнежот по смртта е едно доживување на раѓање. Душата сака да го доживее своето ново раѓање, да се ослободи од распадливоста, времето, просторот, животот во сиромаштија, беда, ропство, животот на питач. Тука, на земјата, таа е сиромашен питач. Во својата сиромаштија таа моли за сè. Сака да ги уништи преградите што ја држат во питачкиот дух на овој свет и да остане насамо со единствениот Бог – во бескрајниот океан на божествената љубов, божествената среќа и наслада. Сака да ги разбие ограничувањата на времето и просторот, да ја победи смртта.“[186] Во таква атмосфера, монахот живее како странец, очекувајќи го преселувањето во татковината на својот Небесен Отец, повикувајќи го својот ум да се распне во подвигот на послушание и откажување од сопствената волја.

---

[182] Отец Емилијан користи силни, но точни слики за духовната состојба што следува по нарушувањето на странствувањето, велејќи: „Јас лично, секогаш кога ќе ви дадам благослов да излезете од манастирот, ве оплакувам како идни мртовци. Не од страв дека можеби ќе ви се случи некаква несреќа. Тоа е многу мала работа во споредба со смртта што влегува во душата при нашето излегување од манастирот. Рибата умира надвор од морето, а не кога е во морето.“ (ТЖ, 51)

[183] ЖУД, 86.

[184] Старецот вели: „Разбирате ли колку е страшно паѓањето на манастирот кога во неговиот храм на богослужба доаѓа мноштво народ, а монасите или монахињите се мешаат со мирјаните.“ (ТЖ, 62)

[185] ЖУД, 101.

[186] ЖУД, 35.

Притоа, тој цврсто се потпира на осветениот континуитет на монашкото искуство и традицијата на Православната Црква: „Непроменливоста на монашките начела, постојаноста на каноните на Црквата, кои го уредуваат општежителниот живот, кои ги поставуваат Божјите чеда собрани во едно под истиот покрив, слободата од надворешни влијанија и обврски, измени и промени – сето тоа им дава на монасите чувство на сигурност и леснотија во нивните духовни подвизи и издигнувања."[187]

Послушание

Послушанието, како еден од монашките завети, заедно со безбрачноста и нестекнувањето, претставува подвиг што во голема мера го обликува монашкиот живот на толку значаен начин, што Старецот рекол: „(...) односот помеѓу послушникот и старецот е олицетворение на односот со невидливиот и неопислив Бог."[188]

Монахот се предава себеси во послушание на игуменот и на братството, откажувајќи се од сопствената волја. Расеаниот, помрачен и горд ум, преку послушанието, се враќа во својата природна состојба пред падот – во состојба на смиреност. Аскетскиот, а потоа и благодатниот подвиг на послушание, претставува обид на подвижникот да се врати во состојбата што нашите прародители ја изгубиле преку непослушноста.

Светите Отци поучуваат дека од послушанието произлегува молитвата, а од молитвата – теологијата. Старец Емилијан исто така нагласува дека послушанието е основен предуслов за нерасеана молитва кај монахот, велејќи: „Гледате дека одговорноста не е на монахот. Тој е спокоен, ослободен од сета грижа и страв. Послушен е, и преку своето послушание му служи на телото на братството и ја изградува својата душа. Неговото срце е слободно и радосно, за да може да се моли."[189]

---

[187] ПИ, 27.
[188] ТППАИ, 11.
[189] СЦ, 163.

Подвижникот на послушанието во најголема мера се вподобува на Господ Исус Христос токму преку отсекување на својата волја и предавање на волјата на својот духовен отец – како што Христос стана послушен до смрт, и тоа смрт на крст. Согласно зборовите на Емилијан: „Послушанието на монахот е средство за неговото спасение, неговото стоење пред Бога, средство за негово усовршување, непосредна алатка за кршење на неговата волја.“[190]

Послушанието не е доверба во човекот, туку доверба во Бога, Кој во тајната на послушанието ја открива Својата волја на оној што ја отсекува својата. Старец Емилијан вели дека послушанието е крстот што монахот го зема и тргнува по Христос; тоа е неговата осаменост (напуштеност) на дрвото, губење на самовластието и доброволна немоќ самиот да го управува својот живот.[191]

Оној што го засакал Бога и решил да Му го посвети целиот свој живот, секојдневно умира во подвигот на послушанието, за да живее само во Бога. Послушанието значи отфрлање на секое дело што не е по Божјата волја – да не се прави она што не Му е угодно на Бога. Преку довербата во Бога и послушанието кон игуменот или духовниот отец, монахот ја исполнува Божјата волја во својот живот.

Старец Емилијан нагласува дека е од пресудно значење игуменот да расудува правилно, секогаш ставајќи ја духовната корист на своите послушници пред формата на послушанието, која мора да биде прилагодена на секоја личност.[192]

Секоја профанација на односот на послушание - односно нарушување на неговата светотаинска димензија – ја разурнува харизматската природа на ова темелно начело на монашкиот живот: „Се разбира дека, пред сè, никому не треба да му зборувам за тоа што ми го рекол старецот, ниту пак јас нему – што и да е во прашање. Ако, пак, нешто од тоа кажам, тоа значи дека старецот за мене не е Бог, туку обичен смртник, и го ставам заедно со оние кои ги заплиснувам со брановите на

---

[190] ТППАИ, 12.
[191] СЦ, 20.
[192] СЦ, 163.

своето незадоволство и негодување – односно, *се губи мојата мистична врска со старецот*. Она што се говори меѓу послушникот и старецот му припаѓа на мистичниот простор, тоа е тајна Божја и за тоа никој не треба да знае. Ако само еднаш откријам нешто од тоа, старецот престанува да биде мој старец. Тогаш тој престанува да носи одговорност за мене, зашто јас го гледам како човек, а не како старец."[193]

Учењето на старец Емилијан за послушанието не подразбира крут, еднаш засекогаш зададен однос,[194] туку го гледа како привремен подвиг во слобода и љубов, чија цел е послушникот да го запознае Бога – заради Кој и станал послушник. Послушанието е неопходно сè додека умот и срцето не се соединат, и додека просветлениот ум не почне не само да Го среќава и гледа Бога, туку и лично да Го живее.[195] Старецот тоа го кажува на нему својствен, јасен, длабок и прецизен начин: „Утре нема да има игумен, нема да го има мојот старец – и ниеден старец нема да може да го замени мојот старец, дури и ако тој бил најнеугледниот, најнесовршениот човек. Како тогаш ќе преживееш, ако не си достигнал до живот на одвоеност? Денес јас те поучувам, но утре нема да ме има да те поучувам. Ќе дојдат моменти на жалост, екстаза, екстровертност, моменти на искушение. Како ќе преживееш, ако не си научил лично да Го живееш Бога?"

„И твоето поучување треба да биде непосредно и лично: да знаеш да се поучуваш и изучуваш, да знаеш да запознаваш, препознаваш и

---

[193] ТППАИ, 329–330.

[194] Митрополит Струмички Наум, Исихазмът в светогорското монашество през XX век: Умносрдечната молитва в хармонията на аскетичния подвиг, 160.

[195] Митрополит Наум дополнува: „Таквото послушание – кон духовниот отец – се однесува само на првиот степен на духовниот развој, очистувањето на срцето од страстите, односно првиот степен на природниот начин на живот, во кој секој православен христијанин е повикан да влезе – но никако по тоа. Откако срцето ќе се очисти од страстите и ќе го открие своето место, христијанинот го добива дарот на умносрдечната молитва и тогаш е раководен од самата Божја благодат, која постојано го просветлува неговиот ум. Тоа се случува во втората фаза на духовниот развој – просветлувањето. Послушанието, односно духовното раководство, не треба да се сфаќа идолопоклонички – како доживотно покорување на било кој човек (т.н. гуруизам): „Скапо сте купени – не бидете робови на луѓето", *Премин од душевност во духовност*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2015, стр. 170.

примаш Божји откровенија. За да можеш утре да преживееш, денес, кога имаш можности, треба да научиш да живееш сам."[196]

Старецот, или духовниот отец во животот на монахот, е само икона Христова – но не и Самиот Христос. Токму затоа, кога ќе се случи Божјо откровение и просветлениот старец ќе види дека Христос се јавил во срцето на неговиот ученик, тој, слично на Свети Јован Крстител, се повлекува од местото што дотогаш го заземал, велејќи му на својот ученик: „По Него треба да одиш – Тој е Оној за кого ти зборував" (сп. Јн 1, 15; 1, 30).

Есхатолошката перспектива на послушанието се огледува во тоа што послушанието води кон едномислие, правејќи од монашкото братство икона на Небесното Царство – заедница од мнозина што имаат една волја, Божјата волја. Откажувајќи се од сопствената волја, монасите во манастирот ја исполнуваат волјата на еден (игуменот), и затоа никој во манастирот не може ниту смее да се однесува како игумен или да ги „поправа" другите,[197] бидејќи во манастирот постои само еден отец – што ги прави сите останати браќа.[198]

Оваа социјална димензија на послушанието, отец Емилијан ја изразува на следниов начин: „Послушанието е и средство на заедничарење со браќата – простор во кој тој комуницира со нив. Кога е на послушание што бара соработка, тој гради однос со браќата. Послушанието е, исто така, силна врска меѓу членовите на братството, зашто го извршувам послушанието за другите – за да ги обезбедиме секојдневните потреби, да ги средиме келиите, црквата, трпезаријата. Послушанието е очигледна врска со луѓето и заедничарење со нив."[199]

Доколку, според зборовите на Старецот, монашката заедница би послужила како пример за уредување на општеството врз основа на монашкото послушание, тогаш земјата би наликувала на небото: „Монашкиот живот е пример за човечка заедница. Ни демократијата,

---

[196] ЖУД, 98.
[197] ТЖ, 57.
[198] СЦ, 164.
[199] ТППАИ, 12.

ни кралството, ниту пак социјализмот не можат да го поседуваат тоа совршенство. Ниеден систем не го постигнува совршенството на монашкото устројство на животот, бидејќи монашкото устројство на животот е навистина една ангелска заедница, би рекол и отечка – токму таква каква што ја живееле и Отците на Црквата."[200]

Земање доброволен и благодарствено прифаќање на неволниот крст

Страдањето, болеста и патењето се длабоко врежани во човековата природа, како последици од првородниот грев, и неизбежно го следат животот на секој човек во светот кој се одвоил од Бога. Во учењето на отец Емилијан, болката и страдањето, како и односот кон Крстот, заземаат централно место, откривајќи ја длабоката смисла на личното учество во Христовиот Крст. Иако болката и страдањето му се туѓи и неприродни на човекот, бидејќи Бог не го создал за нив, тие, заедно со смртта, влегле во неговиот живот како неминовна последица од падот.

Отец Емилијан истакнува дека човекот попрво би ја избрал смртта отколку да страда, но Бог сепак ја остава болката во животот на подвижникот како Свое големо добродетелство,[201] колку и да звучи тоа парадоксално. Подвижникот, преку својот аскетски подвиг, доброволно ги прифаќа напорите кои предизвикуваат болка и страдање, но исто така и недоброволните страдања кои Бог ги допушта во христијанскиот живот, кога се носат со благодарност, имаат спасителен и осветувачки ефект, не само врз подвижникот, туку и врз другите луѓе во светот кои го гледаат тоа. Бог ги прима тие страдања како благоухана жртва.[202]

Отец Емилијан не се задржува само на трпението и страданието, туку оди чекор понатаму, повикувајќи на развивање на особена љубов и копнеж кон болката, па дури и кон болестите.[203] Болката и страдањето

---

200 СЦ, 174.
201 СДЖ, 24.
202 СДЖ, 26.
203 СДЖ, 37.

го потсетуваат човекот дека живее со последиците од падот и дека Царството каде нема страдања допрва треба да дојде. Човекот кој страда го насочува својот поглед кон Бога, барајќи утеха, додека солзите и болката на страдалниот човек го привлекуваат Божјиот поглед.

Бог толку многу го засака човекот што Го испрати Својот Син да го прекине затворениот круг на страдање и смрт токму преку болка и страдање. Во тој контекст, старец Емилијан ја гледа болката како единствена можност за учество во Христовиот Крст: „Господ, со Својата мудрост и бескрајна љубов, не најде ништо што би можеле да го постигнеме со сопствени сили, за да нè награди со Својот вечен живот, па на уште еден начин го понижува Своето величие, прифаќајќи ги и најмалите делчиња од нашата болка и жртва како подигање на Неговиот Крст... И јас живеам само кога сум распнат. Сакам само кога сум распнат."[204]

Да се трпи болка и воопшто да се страда претставува процес на вподобување со Бога, подготвувајќи се за средба со Него, кој од љубов кон човекот и заради неговото спасение, минал низ страдање и болка. Иако Свети апостол Павле зборува за распнување со страстите и похотите, само по себе, распнувањето без Христос нема ништо убаво и славно. Отец Емилијан богословствува: „...оној кој е распнат изгледа како да живее на земјата, но всушност е воскреснат и живее заедно со Бога на Небото."[205]

На крајот, во овој болен, но и благословен подвиг, христијанинот разбира дека не постои друг пат кој води кон Бога – кон Бога кој ги рашири Своите раце на Крстот, распнувајќи се. Во тој болен и страдален преграт, кој може да го опфати целиот свет, па дури и непријателите, се повикува и оној кој живее во подвиг на болка и страдање.

Суштинскиот извор на човековите страдања и болки лежи во нашата страстна природа и во пеколот на нашето непреобразено срце, во кое треба да се открие Божјото Царство. Светите Отци –исихасти учат дека болката и страдањето, како ништо друго, го откриваат местото на срцето за умот кој е расеан и изгубен, кој постана бесловесен одвојувајќи се од

[204] СДЖ, 30.
[205] СДЖ, 28-29.

Бога Логосот. Старец Емилијан го изразува ова искуство на Отците вака: „Обично во себе носиме срце со дупка во средината, длабок бунар полн со маки, јад и незадоволства. Тоа е нашиот личен пекол, на чиешто дно повторно треба да слезе Христос, да го исчисти, да го просветли, за да стане свештен ковчег, исполнет со Бог, и на отворот од тој бунар да застане жртвеникот на нашите духовни жртви и молитви. И како што ангелот го чувал Христовиот гроб, така треба да ги чува и непознатите длабочини на нашето срце, тој гроб на нашата себичност, кој ќе стане света Трпеза. Затоа, кога се чувствуваме изгубени, промашени, потиштени, грешни, непокајани – да го очекуваме Бог, Кој ќе влезе во нашето срце, во нашиот пекол. Да не паѓаме во очајание, бидејќи очајанието е гордост, најголемо востание против Бога. Да седиме во нашиот пекол, да го подигнеме својот крст, како што и Христос го подигна Својот Крст. И Тој ќе дојде да нè најде таму каде што ќе седиме и ќе ја оплакуваме својата судбина и ќе нè стресе, како и Адама: 'Адаме, каде си? Каде си, дете Мое?' Тогаш ќе станеме и ќе ја видиме Неговата рака, која ќе сака да нè изведе до поголемо богопознание."[206]

Умносрдечна молитва

Во учењето на отец Емилијан, молитвата е пред сè однос и свет дијалог на создадениот човек со Создателот, со Оној од Кого и за Кого човекот е создаден. Молитвениот живот и односот со Бога претставуваат единствен вистински начин на постоење. Дури во таа светлина човекот навистина живее, поврзан преку молитвата со Изворот на животот низ Неговите несоздадени енергии.

Кога Емилијан зборува за молитва, тој секогаш мисли на умносрдечната молитва, бидејќи само таа во која умот и срцето дејствуваат во единство може да се нарече вистинска молитва. Сите други облици на молитва, според неговото учење, се само обиди да се достигне вистинската молитва. Неможноста на паднатиот човек да се моли

---

[206] ЖУД, 266-267.

вистински, старецот Емилијан ја гледа во помраченоста и расеаноста на горделивиот ум, бидејќи: „...за да разговара умот со Бога, тој треба да биде насочен кон Него. Нашиот ум е нешто што постојано се врти, се движи надолу или нагоре..."[207] За умот да се моли на вистински начин, потребно е да се собере и да се фокусира на зборовите на молитвата, насочувајќи се кон суштината на молитвата – кон Оној што му е сроден, кон Бог од кого произлегува и кој му го вдахнал животот. Она што го расејува и го помрачува умот се страстите, кои го заробуваат срцето и го затвораат за пристап на умот. Главната причина зошто човекот не може да се моли е тоа што не е целосен; тој е поделен, повреден и скршен. Очистувањето на срцето од страстите е почетокот на духовниот пат,[208] првиот Божји допир кој иницира промена и преобразба на срцето, свртување кон Бога.[209] Духовниот живот на овој степен на духовното искачување, според отец Емилијан, не зависи само од подвизи како што се постот, бдението и молитвата, туку пред сè од животот во заедница, односот со другите и неосудувањето на ближните,[210] како и од целосната незаинтересираност за надворешниот свет и за сè што не е поврзано со монашкото послушание во манастирот. Според зборовите на Старецот, најголемиот грев и проблем за монахот е расеаноста на умот.[211]

Овој начин на гласно изговарање на Исусовата молитва – при што умот ги следи зборовите кои ги изговараат устата – е карактеристичен за почетниците во духовниот подвиг.[212] Отец Емилијан советува дека овој метод може да се применува и од луѓето во светот, и покрај нивните секојдневни обврски: „Некој може едноставно да ја изговара молитвата: „Господи Исусе Христе, помилуј ме", и целото негово време ќе биде исполнето со спомен на Исусовото име. Патуваш со автомобил и, додека ги гледаш дрвјата и пространството, ја изговараш молитвата, а умот ти

---

[207] ЖУД, 62.
[208] Наум Илиевски Митрополит Струмички, Философски стрмнини, 314.
[209] ЖУД, 89.
[210] СДЖ, 89.
[211] СДЖ, 37.
[212] Митрополит Струмички Наум, Школа за исихазам, 91.

е во неа. Но, наместо да ја изговара едноставно, некој може да ја кажува со устата и да вложува и напор. Тоа е поинаку, тоа е помалку едноставно, има повеќе живост. Јас го ограничувам своето битие на устата, за да обрнува внимание на името Исусово.“[213]

Умот што се смирил и се собрал во зборовите на молитвата внатре во срцето се исцелил од страстите. Според отец Емилијан: „Кога умот, избраниот дел од твоето битие, најдуховниот дел од твојата ипостас, ќе стигне до таа точка на својот таен пат кон Бога, откриваш дека твоите страсти се избришани, твоите недостатоци, а пред сѐ, најдлабоките корени што те мачат. Додека си таму и Го гледаш Бога, се прашуваш: Каде е гневот? Каде е самољубието? Каде се сите страсти? Исчезнати се. Каква значајна работа! Обиди се сам да ги избркаш страстите. Нема да успееш. Само Бог може да ги отстрани. Може ли некој што е врзан да се искачи? Оној што е врзан е прикован. Треба да ги симне од себе страстите, кои се страшни ланци. Тоа Бог го презема врз Себе. Значи, Бог помага да дојде до одрекување од сѐ, ослободување од оковите на страстите, очистување на моето битие – најпрво на умот, а потоа и на срцето и совеста.“[214]

Од зборовите на Старецот можеме да заклучиме дека оваа состојба не е резултат на некоја техника или метод, иако Емилијан често укажува на олеснувања што произлегуваат од техниката на дишење.[215] Но, на крајот, тој истакнува дека умносрдечната молитва е исклучиво Божји дар.

Тоа е сосема поинаков квалитет на молитва од она кога аскетски со напрегање на волјата го присилуваме умот да не се расејува од зборовите на молитвата. Емилијан вели дека, кога умот е исцелен, просветлен и

[213] БИБ, 151.
[214] ЖУД, 68.
[215] БИБ, 152. Техниката на дишење точно ја оценува Митрополит Наум, велејќи: „Постојат подвижници кои, покрај исполнувањето на заповедите, користат и посебна техника на вдишување и издишување за да предизвикаат мала болка во срцето, како помошно средство за собирање на умот во него. Тие можат да се воспитуваат и образуваат во манастири во кои постои таква традиција и каде што има искусен духовник кој и самиот на тој начин ја научил и практикувал молитвата. При тоа, не треба да се заборави дека во основата на молитвениот подвиг треба да стојат смирението, плачот и исполнувањето на Божјите заповеди.“ (Митрополит Струмички Наум, цитирано дело, 92.)

собран во срцето,[216] тој таму станува сведок на тајното охристовување на целото човечко битие. Човекот станува христолик и учествува во Богородичната тајна – „раѓањето" на Бога во срцето.[217]

Кога Емилијан зборува за човек кој се моли умносрдечно, тој зборува за некој што се моли вистински и Го созерцува Бога во своето срце. Само таков човек може да се нарече богослов,[218] бидејќи тој богословствува како оној што Го познал и Го видел Бога.[219]

Иако, според отец Емилијан, човекот чувствува дека повторно е посвоен, посинет по падот,[220] Старецот на оваа духовна фаза не зборува за состојба на обожување, бидејќи Божјата благодат сè уште доаѓа и си заминува во одредени периоди на богооставеност, за да го усоврши човекот.[221]

Старецот, заедно со сите Свети, поучува и за совршеноста на оваа молитвена пракса, која во себе ги содржи различните видови молитвено обраќање кон Бога: „Да го изговараме, значи, тоа: „Господи Исусе Христе, помилуј ме грешниот", што е најпотполната молитва. Славословие постои уште во првите зборови. Благодарење постои и во првиот и во вториот дел, во сите зборови. Постои молба, постои исповедање – сè постои. Што и да посакам, што и да посакувам, тоа се содржи во Исусовата молитва."[222]

Карактеристично во учењето на старец Емилијан за молитвата е тоа што тој многу отворено и често говори за овие две состојби на молитва, но многу малку и мошне скромно за совршената молитва - молитвата за целиот свет, или состојбата што светите отци ја нарекуваат светост и обожение.

Во словото на Старецот за крајната цел и смислата на човечкиот живот, преку јасната дистинкција што ја прави во однос на претходните две состојби — кои ги нарекува разговор со Бога — можно е да се назре

---

216 БИБ, 154.
217 ЖУД, 97.
218 ЖУД, 73.
219 ПИ, 143.
220 ЖУД, 71.
221 ЖУД, 118.
222 ТЖ, 376.

и таа перспектива: „Оној што оди во вистината се бори целосно да се соедини со сите луѓе, поради што и чувствува во себе подвиг за спасение на секој свој собрат, копнеж да ги засака и прегрне сите што постојат, дури и црвите и маковите и криновите. Тој сака заедно со сè да излезе пред Бога, но 'одвојувајќи се од сè за да се соедини со сè'. Сè носи во себе, сè прегрнува и открива дека љубовта не е нешто што излегува од неговото срце, туку — да го кажеме тоа едноставно, на разбирлив начин за човекот — од Божјото срце, и влегува во неговиот ум, неговото срце, и оттаму се разлева кон сè за повторно да се вознесе кон Бога.

Кога човек ќе влезе во оваа фаза и ќе го почувствува своето вклопување, своето соединување, својата прегратка и своето опфаќање на сите луѓе, тогаш Бог веќе му ја дарува заедницата во чувството. Тоа значи дека сега веќе се чувствува соединет со Бога. Претходно зборувал со Бога, а сега Го слуша."[223]

Интеграција на исихастичката практика во општежитието

Манастирот е место каде што доаѓаат оние кои одговориле на Христовиот повик: „Земи го својот крст и следи Ме" (сп. Мт 16, 24). Како монах и истакнат духовник кој обновил и оживеал многу манастири, старецот Емилијан зборува за манастирот и манастирската атмосфера со посебен, речиси свет јазик. Во неговото поимање, овој свет не би имал смисла без манастирите – не како објекти и згради, туку како начин на живот. Дури и најмалата можност манастирите да престанат да постојат, за него претставува вистинска катастрофа и трагедија:

„Тешко нам ако се затворат манастирите. Тоа ќе значи дека повеќе нема души за кои Христос е сè. Подобро земјата да се отвори и да нè проголта. Подобро да се изгаснат ѕвездите. Подобро сонцето да падне од небесниот свод."[224]

---

[223] ЖУД, 73.
[224] БИБ, 22.

За отец Емилијан, да се биде монах и да се живее во манастир значи Христос да стане сѐ во животот на човекот. Во тој контекст, еден од позначајните потфати што ги реализирал по доаѓањето во идиоритмијската атмосфера на тогашната Света Гора, била преобразбата на *ковачницата на општежитието*, како што ја нарекува Емилијан[225], преку интеграција на древната, за Света Гора карактеристична, исихастичка традиција во секојдневниот живот на киновијата. Тој нагласувал дека монашкиот живот не е целосен ако се ограничува само на богослужбениот поредок на заедничките богослужби во храмот. Главната содржина на монашкиот живот е Исусовата молитва,[226] која треба да стане дишење на целиот манастир, зашто само таков манастир може да ја оствари смислата на своето постоење: „Всушност, кога ја изговараме молитвата *Господи Исусе Христе, помилуј ме*, молитвата ни го носи Светиот Дух во сила и енергија.“ [227]

Емилијан прашува: „Како во манастирот се покажува дека сме во Бога и дека напредуваме кон Него? Така што повеќепати во текот на денот одиме во храм и ги продолжуваме нашите собири и надвор од храмот – во келиите, на манастирските собири и на многу други места.“[228]

Содржината на оваа негова реченица е главната нишка што се провлекува низ сите негови поуки до монасите и монахињите. Отец Емилијан, како што е познато, со голема ревност и љубов работел на воспоставување на велелепниот византиски богослужбен поредок, збогатен со нему близок литургиски стил и пеење,[229] но истовремено сето тоа го сметал за небитно и недоволно за монашкиот живот без внатрешниот живот, односно молитвеното тихување на браќата. Ова најдобро го илустрираат овие негови зборови:

---

[225] ПИ, 27.

[226] Старецот вели: „Нашата работа е Исусовата молитва, да ни биде умот исклучиво во Бога.“ (ТЖ, 135)

[227] ПМБ, 116.

[228] ЖУД, 298.

[229] Архимандрит Елисеи, „Пролог“, (Арад: Св. Нектариј, 2010), 9.

„Молитвата, како што разбирате, е причислување на човековиот ум кон колесниците Божји – совршена немоќ на човекот да живее ако умот негов не е насочен кон Бога, навика умот и волјата да се оттргнуваат и да се соединуваат со Бога. Зашто, тешко нам ако останеме на земско ниво, каде што треба да одлучиме дека треба да се молиме, дека треба да седиме во став за молитва, дека треба да ја вршиме утринската, пладневната, попладневната, вечерната молитва – секогаш да постои некое 'треба'. Тогаш, за нас, молитвата е само идеал. Не. Умот е должен да го стекне своето главно дело кое му е својствено. Како што очите гледаат, рацете допираат, усните зборуваат, гласните жици пеат на Господа – така и умот има автентична цел: да Му се моли на Бога. Тоа значи да Му се обраќаме на Бога „со секоја молитва“.[230]

Не може да се зборува само за заложбата на Старецот да ја интегрира исихастичката традиција на внатрешната молитва со општежителниот и литургискиот живот; многу е важно да се нагласи дека тој, во согласност со големите отци на Црквата, ги претставува овие два елементи како целосно зависни и неразделни. Да се оди на заеднички богослужби без подготовка преку Исусовата молитва значи да се живее површно, а не во длабочината на духот. Да се излезе од Црквата без Исусовата молитва на усните, во умот и во срцето, би значело дека Христос останал во храмот, бидејќи монахот што ја прекинува молитвата – го прекинува и општењето со Него. Старецот Емилијан ги моли монасите:

„Но, дечиња мои, да живееме тивко, да живееме скромно, да живееме внатрешен живот, да живееме духовен живот каков што Бог сака. Да живееме, пред сè, во длабочината на духот – значи во тишината на ноќта. Тогаш ќе ги добиеме и имаме чувствено доживувањата на богослужението. Не постои посреќен човек, човек со поблескав поглед, од оној кој излегува од прекрасно богослужение и оди во својата келија да го продолжи општењето со Христос. Дури и ако заспие, ќе заспие со мисла на Христос или со Христовата молитва“.[231]

---

[230] ЖУД, 183.
[231] БИБ, 140–141.

Со интеграцијата на исихастичката традиција во општежителниот типик на манастирот, отец Емилијан не остава ни најмала можност жителите на манастирот да останат без Христос, или нешто од овој свет да стане поважно во животот на монахот – макар и за миг. Синтезата на личната и заедничката молитва претставува, можеби, најзначаен придонес на отец Емилијан за современото време.

Додаток: духовни увидувања и богословски созерцанија на старците Емилијан и Софрониј

Старец Софрониј (1896–1993), ученик на Свети Силуан Атонски, го основал манастирот Свети Јован Крстител во Есекс, Англија, носејќи го исихастичкото предание како автентичен подвижнички живот на Православната Црква во современиот свет и Европа. Тој бил во братска врска со старец Емилијан, со кого делел многу духовни вредности. Она што особено го одбележува нивниот однос се очигледните сличности во учењето и мистичкото доживување на Бога, како заедничко искуство на учество во Духот Божји, Учителот на Црквата, од кого произлегле нивните благодатни зборови.

Копнежот за обожување, желбата да се „види Бог таков каков што е“, е централниот мотив во учењето на старец Софрониј. Тој нагласува дека таа желба во човекот при создавањето ја всадил самиот Бог, создавајќи го по својот „образ и подобие“[232]. Софрониј доследно ја следи светоотечката мисла[233], истакнувајќи дека смислата на постоењето на паднатиот човек е во вподобувањето на Бога, во вподобување на Христос, бидејќи: „(...) Христос го познаваат само оние кои имаат внатрешен живот сличен на Неговиот земен живот“[234]. Во тој контекст, старец Софрониј го развива своето учење за аскетско-исихастичкиот подвиг како постојано движење кон Христос и вообликување на Христовиот лик во себе.

---

[232] Архимандрит Софроније, *Видети Бога као што јесте*, прев. Хиландарски монаси, (Света Гора Атонска: Манастир Хиландар, 2001), 203.
[233] Исто, 149.
[234] Исто, 105.

Клучната мисла на отец Софрониј, во која многу му е сличен на отец Емилијан, е дека Бог, испраќајќи го Својот Син во овој свет, го потсетува паднатиот човек на Неговиот лик и дека преку подвигот на вподобување со Христос, човекот ја обновува нарушената заедница со Бога, така што „(...) на крајот ќе се покаже како носител на полнотата на богочовечкиот живот, дека ќе биде совршено подобие на Христос, Богочовекот“[235].

Вподобувањето на Христос, како за отец Софрониј, така и за старец Емилијан, претставува враќање кај Бог и Отецот, во Христос, преку Кого се стекнуваме со посинување и стануваме Божји синови. За двајцата, суштинската манифестација на сличноста со Христос е послушноста кон духовниот отец, која според нивното сфаќање, не зависи од човечките слабости на старецот.

Старец Софрониј вели: „Нема голема важност ако совршенството на нашиот духовен отец не е потполно. Бог ќе ги исправи нашите дела во онаа мера во која се извршуваат во послушност и со вера во Христос. Она што нам ни се чини погрешно ќе стане вистинито. Наспроти тоа, она што ни изгледа совршено според нашата логика, најчесто не е ништо друго освен одраз на нашата огревовена волја, така што Бог нема да биде со нас.“[236] Подвижникот на послушноста, откажувајќи се од својата волја и секогаш претпочитајќи ја волјата на својот духовен отец, остава простор во својот живот да му се открие Божјата волја во духот на Гетсиманската молитва на Христос: „(...) не Мојата, туку нека биде Твојата волја, Оче“ (Јн 5, 30), и на тој чудесен начин, преку свето послушание, се вподобува на својот Господ „(...) Кој беше послушен на Својот Отец сѐ до смрт, и тоа смрт на Крстот“ (сп. Фил. 2, 8).

Го видовме големото значење на христоликиот кенозис во учењето на отец Емилијан — доброволното испразнување од себеси, од своето самољубие и егоцентризам. Старец Софрониј во потполност го следи тоа учење кога вели дека на тој начин се врши очистување од наследеното проклетство[237]: „Смирението на Христос е сепобедничка сила“, бидејќи тоа

---

[235] Исто, 144.
[236] Старец Софрониј, За духот и животот, (Струмица: Слово од Водоча, 1999), 64.
[237] Архимандрит Софроније, цитиранно дело, 99.

е делотворна љубов која не знае за понижување во своето смалување. Но, за човекот да му излезе во пресрет на таков Бог, да Го види и препознае, мора да излезе од атмосферата на „наследеното проклетство", гордоста и бунтовноста на умот, оддалеченоста од Оној „Кој е кроток и смирен по срце" (сп. Мт 11, 29), бидејќи тоа го поставува човекот пред: „(...) неопходноста внатрешно да се определи кон Него."[238]

Старец Софрониј смета дека исцелението започнува во умот, кој од состојба на гордост треба да премине во состојба на смирение, за да може и волевиот дел од душата да се исцели. Затоа, како и Емилијан, особено на почетокот на подвигот, инсистира на потполно откажување од сопствената волја преку послушание, бидејќи самоволието го смета за: „железна врата" која го држи срцето затворено и острастено од сите страсти.[239] Тој не смета само дека откажувањето од сопствената волја е неопходно, туку дека тоа е најголема трагедија и казна за секој човек: „Најголемата казна за човекот е Бог да го предаде на неговата сопствена волја. Во нашата епоха, која Го отфрлила Христос, никој не го сфаќа тоа очигледно ропство."[240]

Недостатокот на сличност со Христос, според Софрониј, е главната причина за покајание, дури и ако човекот нема ниеден друг грев. Тоа е затоа што нашето спасение доаѓа од Него, а не од безгрешноста или некоја друга добродетел која човекот може да ја има. Според отец Софрониј, нашето спасение е во Господ Христос, во бегство од себе, додека: „(...) бедата и пеколната темнина се состојат во себичната затвореност во себе. Крајниот степен на горда затвореност во себе се изразува како омраза кон Бога."[241]

За старец Софрониј, како и за Емилијан, покајанието претставува длабока болка и страдање, крик од „пеколната темнина". Меѓутоа, овој крик не е едноставен израз на „вонвременска болка"[242], која останува

---

[238] Исто, 25.
[239] Старец Софрониј, цитирано дело, 71.
[240] Исто, 71.
[241] Архимандрит Софроније, Видети Бога као што јесте, 103.
[242] Архимандрит Софорније, *О молитви*, 67

нечујна и незабележана, туку е крик што добива личносна димензија во Исусовата молитва: *Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме!* Ваквата болка силно придонесува за постигнување на единството помеѓу умот и срцето, за што зборува и отец Емилијан. Болката и страдањето го фокусираат умот, насочувајќи го кон срцето, каде што: „(...) станува можна целосна контрола на она што се случува во срцето, а борбата против страстите добива разумски карактер."[243] Отец Софрониј продолжува: „Покајанието е патот што води до состојба на: „просветлен ум", што Бог му го дарува на човекот преку „отворање на срцето" за умносрдечна молитва."[244]

Така - вели Старецот, настанува преминот од умна кон умносрдечна молитва, по што, како исклучителен и редок дар, Бог му ја дава на подвижникот непрестајната молитва.[245] Сепак, ниту старец Софрониј, ниту отец Емилијан, не оставаат простор за помислата дека умносрдечната, па дури и непрестајната молитва, можат да го запрат подвигот на покајанието и да го направат непотребен. Како што веќе беше речено, најдлабоката причина за покајание, според Старецот, се наоѓа во нашата разлика од Христос, што значи дека било каков крај на покајанието би подразбирал дека некој достигнал до „мерката на растот Христов" (Еф. 4, 13). Наспроти тоа, Старецот тврди: „Покајанието нема крај овде на земјата, затоа што крајот на покајанието би значело дека сме станале во сѐ слични на Христос. И најмалата разлика меѓу нас и Христос бара длабоко покајание: *Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј нѐ.* Оваа молитва ја изразува дистанцата која ја чувствуваме меѓу Него, совршеното и вечното Битие, и нас. Ако не сме во сѐ слични на Господа, како можеме да бидеме вечно со Него?" – се прашува свети Симеон Нов Богослов. За него, како и за нас, тоа е невозможно. Ни преостанува само трпението."[246]

---

[243] Исто, 119.
[244] Старец Софрониј, цитирано дело, 91.
[245] Архимандрит Софроније, цитирано дело, 119.
[246] Старец Софрониј, цитирано дело, 38-39.

Исусовата молитва е молитва во која Христос станува наш пријател и брат, а ние синови и ќерки на Небесниот Отец. Тоа е врв на молитвата во која подвижникот достигнува состојба на молитва за сите луѓе, за целиот свет, за: „... целиот Адам, како за самиот себе,“[247] живеејќи го исполнувањето на Христовите зборови: „... да бидат сите едно... како што ние сме едно“ (Јн. 17, 21–23).

За старец Софрониј, ова мистично единство не носи олеснување, туку ја продлабочува болката и страдањето. Во Исусовата молитва, која е молитва на покајанието, ние преку сопствената болка учиме: „... да ја доживуваме трагедијата на целото човештво.“[248] Сепак, оваа болка е проникната со радост која не е од овој свет. Молитвата, според учењето на отец Софрониј, претставува непрестајно творештво. Во молитвата, човекот станува соработник Божји,[249] што е во согласност со мислата на Емилијан дека Бог го повикал човекот да учествува во „играта на усовршување на тварта“.[250]

Во срцето постои „простор“ и „место“ каде што човекот се среќава со Бога во единство на умот и срцето. Таму се исцелува личноста на човекот и се надминува нејзината поделба, бидејќи во таа љубовна, богочовечка заедница исчезнува „бездната“ меѓу Бога и човекот.[251]

Разликите во учењата на Старците се однесуваат главно на степенот на систематизација кој го внел старец Софрониј. Емилијан решил да не систематизира одредени прашања од духовниот живот, како што се степените на молитва и духовните состојби на различни нивоа на молитва. Софрониј за тоа зборувал отворено, држејќи се до строго дефинирана концепција.[252]

Старец Софрониј до крајот на својот живот го задржал критичкиот став кон академското богословие, особено кон одредени текови во

---

247 Архимандрит Софроније, цитирано дело, 56.
248 Исто, 57.
249 Исто, 21.
250 СДЖ, 57.
251 Архимандрит Софроније, цитирано дело, 118.
252 Архимандрит Софроније, цитирано дело, 118.

современата теологија. Причината за тоа е извесно отуѓување од мистичното доживување на Бога, кое, според него, е предуслов за вистинска, длабока теологија. Тоа, истовремено, е искуство на Светите Отци на Црквата, на кое отец Софрониј и старец Емилијан инсистирале во своето учење и го потврдувале со својот живот. На таа тема, старец Софрониј вели: „Некој може да биде многу учен, да поседува академски дипломи, но да остане крајно неук за патот на спасението. Кога некој има свет и безгрешен живот, интелектуалното знаење може да даде чудесни плодови. Но тоа знаење без љубов не може да го спаси човекот.“[253]

Тоа искуство на Црквата, Емилијан го изразува со следните зборови: „Затоа, отците велат да го поттикнуваме умот свој кон чувството на молитва, а не само кон слушање: да Го чувствуваме Бога со сите свои сетила, со секоја клетка од своето битие и со сета полнота на својот живот. Да тече од нас жива Божја вода, реките за кои зборува Светото Писмо (сп. Јн. 7, 38). Тогаш разбирам што значи: „биди богослов“. Тогаш станувам богослов, односно Го откривам и познавам Бога...“[254]

Накратко, горенаведеното можеме да го сумираме на следниов начин:

Сличности:

- Манастирот и монашкиот начин на живот претставуваат вистинска школа за познавање на Бога.
- Двајцата придаваат големо значење на личното и непосредното искуство со Бога, сметајќи го за суштината на духовниот живот.
- Исихастичката традиција и Исусовата молитва се прикажуваат како најчистиот израз на автентичниот христијански живот во Црквата.
- Литургискиот живот на Црквата е неразделно поврзан со мистичното искуство, преку кое се остварува длабока заедница со Бог.

---

[253] Старец Софрониј, цитирано дело, 89.
[254] ЖУД, 73.

- Само знаењето, ако е лишено од мистично искуство, е немоќно да го води човекот кон спасение.

Разлики:

- Старецот Софрониј развива систематизиран пристап кон богословската мисла, обликувајќи го своето учење во јасни теолошки рамки. Наспроти тоа, Старецот Емилијан е повеќе фокусиран на практичниот аспект на духовниот живот, занимавајќи се со длабоката духовност, но без претензии систематски да го обликува и изрази своето учење.

ЗАКЛУЧОК

Во овој труд направивме истражување на различните аспекти на мистичното и литургиското богословие на старецот Емилијан Симонопетриски, еден од најзначајните духовни личности на современото Православие. Врз основа на ова истражување, јасно го прикажавме нераскинливото единство на мистичното, духовното и молитвеното искуство со литургиската и светотаинската пракса, кои се суштински елементи на единствениот православен, односно црковен живот.

Старецот Емилијан преку своите дела и учења се стреми да го премости јазот помеѓу теоријата и практиката, нагласувајќи дека вистинското богословие не може да постои без живото искуство на односот со Бог, кое се остварува преку личната и заедничката молитва во Литургијата. Неговата мистична теологија, длабоко вкоренета во исихастичката традиција, ја нагласува потребата од внатрешна промена и преобразување преку единството на христијанските добродетели, особено покајанието и смирението, како и умносрдечната молитва која води кон вистинско соединување со Бог, што е незаслужен дар на Неговото бескрајно човекољубие.

Литургиското богословие на старецот Емилијан ја открива Евхаристијата како центар, извор и цел на духовниот живот. Блажениот старец учи дека полнотата на заедницата со Христос се остварува преку учество во Светите Тајни на Црквата, додека Литургијата, заедно со монашката келија – таа „вавилонска печка“ во која гори, но не согорува секој подвижник, е местото каде небесното и земното се среќаваат во таинствен и спасоносен настан, во прегратката на Бога и човечкиот род.

Покрај своите духовни придонеси, старецот Емилијан остави значаен белег и во академското богословие, влијание кое, се надеваме, со текот

на времето само ќе расте. Неговите дела и учења станаа важен дел од наставните програми на некои богословски факултети, каде што се изучуваат како примери на современото православно аскетско и литургиско богословие. Неговиот пристап кон теологијата, којшто го спојува длабокото духовно искуство со академското истражување, инспирира сè поголем број теолози и студенти ширум светот. Старецот со својот труд значително придонесе за развојот на теолошката мисла, особено во областа на духовноста, аскетиката и литургиката.

Кога станува збор за односот на богословието на старецот Емилијан кон другите доминантни текови на современата православна теологија, неговото учење претставува и континуитет и критички осврт. Потпирајќи се на класичната исихастичка традиција и отечката теологија, старецот, иако повеќе индиректно отколку директно, коригира некои модерни теолошки пристапи за кои смета дека се оддалечиле од живото духовно искуство и се насочиле кон академски и спекулативни аспекти. Неговата критика е насочена кон теолошките правци кои ја занемаруваат важноста на молитвата и литургискиот живот како срце на богословието или ги афирмираат во разделен и раздвоен облик, како суштински неспоени реалности.

Истовремено, старецот Емилијан ги продлабочува учењата коишто се појавуваат во современото богословие, особено во областа на литургиската обнова и враќањето кон древните отечки извори. Неговата теологија во овој контекст е синтетичка, интегрирајќи ги најдобрите елементи на традицијата и современоста, нудејќи нови перспективи за развојот на православното богословие.

Со оглед на сите овие сознанија, можеме да заклучиме дека старецот Емилијан му понуди на современиот христијанин пат кон обнова на духовниот живот, повикувајќи на длабоко доживување на мистичниот, духовен живот во контекст на литургиската заедница. Неговата теологија не е само теоретска, туку и практична и животна, повикувајќи на постојана борба за стекнување на благодат и светост преку молитва, смирение и литургиски живот.

Овој труд се стреми да ги осветли теолошките и духовните аспекти на делото на старецот Емилијан, укажувајќи на нивната актуелност и значење за современиот живот на Црквата. Понатамошното истражување на неговите учења може да придонесе за подобро разбирање на православното мистично предание и неговата примена во современиот свет, збогатувајќи го академското богословие со нови перспективи.

Во време кога православното христијанство се соочува со предизвиците на секуларизмот, глобализацијата и кризата на традиционалните вредности, учењето на старецот Емилијан нуди перспектива која е длабоко вкоренета во традицијата, но истовремено отворена за современите прашања. Неговата способност да ги пренесе древните духовни принципи на јазик разбирлив за современиот човек, неговиот интегративен пристап кој ги обединува различните аспекти на духовниот живот и неговата отвореност за дијалог со современата култура и наука, го прават неговото учење особено вредно.

На крајот на овој труд, можеме да кажеме дека најзначајниот аспект од учењето на старецот Емилијан е неговата способност да инспирира длабока духовна жед и да понуди практични патишта за нејзиното задоволување. Во свет кој често се карактеризира со духовна празнина и егзистенцијална криза, учењето на старецот Емилијан нуди визија за автентичен духовен живот, кој може да доведе до длабока лична трансформација и обнова како на поединецот, така и на заедницата.

БИБЛИОГРАФИЈА

Скратеници

БИБ = *Боīослужење: ишчекивање и виђење Боīа: ӣоуке и речи*

ПИ = *Печаӣ исӣини*

РСГ = *Радујмо се Госӣоду: ӣумачење Псалама*

ЖУД = *Живоӣ у духу: ӣоуке и речи*

БП = *Блаīодаӣни ӣуӣ: Тумачење жиӣија ӣреӣодобноī Нила Калабријскоī*

ПМБ = *Празничне, мисӣаīошке беседе*

ТЖ = *Трезвеноумни живоӣ и ӣравила ӣодвижничкоī живоӣа: ӣумачење свеӣих оӣаца: Анӣонија, Авīусӣина и Макарија*

СОТ = *Слово о ӣрезвеноумљу: ӣумачење свеӣог Исихија*

СДЖ = *Сӣеӣени духовноī живоӣа од пада до вечносӣи: ӣоуке и речи*

ТППАИ = *Тумачење ӣодвижничких ӣоука Аве Исаије*

Извори

1. Емилијан, Архимандрит. *Боīослужење: ишчекивање и виђење Боīа : ӣоуке и речи*, прев. Гајо Гајић. Краљево: Манастир Жича, 2023.

2. Емилијан, Архимандрит. *Печаӣ исӣини*, прир. еп. Атанасије Јевтић. Краљево: Манастир Жича, 2003.

3. Емилијан, Архимандрит. *Радујмо се Господу: ӣумачење Псалама.* прев. Маја Рашовић. Краљево: Манастир Жича, 2006.

4. Емилијан, Архимандрит. *Живоӣ у духу: ӣоуке и речи*, прев. Маја Рашовић. Краљево: Манастир Жича, 2009.

5. Aimelianos, Archimandrite. *The Way of the Orthodox spirit: Reflections on life in God*, tran. Maximos Simonopetrites. Athens: Indiktos, 2009.

6. Емилијан, Архимандрит. *Блаīодаӣни пуӣ: Тумачење жиӣија ӣреӣодобноī Нила Калабријскоī*, прев. Маја Рашовић. Краљево: Манастир Жича, 2011.

7. Емилијан, Архимандрит. *Празничне, мистагошке беседе*. прев. Марина Вељковић Ђуровић. Краљево: Манастир Жича, 2021.

8. Емилијан, Архимандрит. *Трезвеноумни живот и правила подвижничког живота: тумачење светих отаца: Антонија, Августина и Макарија*. прев. Марина Вељковић. Краљево: Манастир Жича, 2014.

9. Емилијан, Архимандрит. *Слово о трезвеноумљу: тумачење светог Исихија*, прев. Марина Вељковић. Краљево: Манастир Жича, 2017.

10. Емилијан, Архимандрит. *Степени духовног живота од пада до вечности: поуке и речи*, прев. Маја Рашовић. Краљево: Манастир Жича, 2022.

11. Емилијан, Архимандрит. *Тумачење подвижничких поука Аве Исаије*, прев. Саша Стојановић и сестринство манастира Жиче, Краљево: Манастир Жича, 2024.

ЛИТЕРАТУРА

Кирилични изданија

1. Вукашиновић, Владимир „Литургијски језик Цркве", у: Криза савремених језика теологије: Зборник радова, уред. В. Вукашиновић, 127-153. Београд: Институт за културу сакралног – Монс Хемус 2013.

2. Вукашиновић, Владимир. „Богослужење у Хиландару и отачаству", у: Свети краљ Милутин : владар на раскршћима светова, уред. С. Пириватрић, С. Марјановић-Душанић, Д. Поповић, 487-505. Београд: Задужбина Светог манастира Хиландара 2022.

3. Вукашиновић, Владимир, Ранковић, Зоран. „Служба на пострижење монахиње (чрноризице) у српском евхологиону Гильф. 21 РНБ из XIII-XIV века" у: Зборник радова са научног скупа 825 година пострига Свете Анастасије - Манастир Пресвете Богородице у Куршумлији, Куршумлија – Пролом Бања, 26.-28. новембар 2021. године, прир. Владимир Вукашиновић, 25-42. Београд: Православни богословски факултет Универзитета Ниш: Православна Епархија нишка, 2023.

4. Јевтић, Атанасије „Отац Емилијан Метеориски и Светогорски," у Печат истини, 5-9. Краљево: Манастир Жича, 2003.

5. Јевтић, Атанасије „Предговор," у Степени духовног живота од пада до вечности : поуке и речи, 5-9. Краљево: Манастир Жича, 2022.

6. Јефтић, Атанасије. Аскетика. прев. Ј. Георгиевски и М. Василевић. Београд – Србиње – Ваљево: Хришчанска мисао, 2002.

7. Наум, Митрополит Струмички. Надминување на дуализмот. Велјуса: Библиотека Воведение, 2014.

8. Наум, Митрополит Струмички. Плодоносна девственост. Велјуса: Библиотека Воведение, 2012.

9. Наум, Митрополит Струмички. Прирачна психоанализа. Велјуса: Библиотека Воведение, 2021.

10. Наум, Митрополит Струмички. Философски стрмнини. Велјуса: Библиотека Воведение, 2022.

11. Наум, Митрополит Струмички. Школа за исихазам. Велјуса: Библиотека Воведение. 2011.

12. Наум, Митрополит Струмишки. Исихазмът в светогорското монашество през XX век: Умносрдечната молитва в хармонията на аскетичния подвиг. София: Университетско издавателство „Св. Климент Охридски", 2009.

13. Софрониј, Старец. За духот и животот. Струмица: Слово од Водоча, 1999.

14. Софроније, Архимандрит. Видети Бога као што јесте, прев. Хиландарски монаси. Света Гора Атонска: Манастир Хиландар, 2001.

15. Софроније, Архимандрит. О молитве, прев. Хиландарски монаси. Света Гора Атонска: Манастир Хиландар, 1991.

Латинични изданија

1. „Cuvântul Editorului", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Cuvânt despre ascultare şi priveghere, trad. A. Corbu, 7 – 8. Arad: Sf. Nectarie 2013.

2. Efrem, Arhimandritul, egumenul Sfintei Mănăstiri Vatopedi. „Prolog la ediţia greacă", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Aşteptarea lui Dumnezeu despre boală, suferinţă şi moarte, trad. A. Corbu, 11-13. Arad: Sf. Nectarie, 2019.

3. Elisei, Arhimandritul, egumenul Sfintei Mănăstiri Simonos Petras. „Cuvântul la slujba de înmormântare a lui gheronda Emilianos Simonopetritul", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Aşteptarea lui Dumnezeu despre boală, suferinţă şi moarte, trad. A. Corbu, 7-10. Arad: Sf. Nectarie, 2019.

4. Elisei, Arhimandritul, Egumenul Sfintei Mănăstiri Simonos Petras. „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Dumnezeiescul Urcuş, Tâlcuire La Cuviosul Teognost, trad. A. Corbu, 7 – 11. Arad: Sf. Nectarie 2020.

5. Elisei, Arhimandritul, Egumenul Sfintei Mănăstiri Simonos Petras Sfântul Munte Athos. „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Tâlcuiri La Sfintele Slujbe, Dumnezeiasca Închinare Aşteptarea Şi Vederea Lui Dumnezeu, trad. A. Corbu, 7 – 10. Arad: Sf. Nectarie, 2010.

6. Elisei, Arhimandritul, Stareţul Sfintei Mănăstiri Simonos Petras. „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Casa lui Dumnezeu poarta cerului, despre monahism, stareţ şi ucenic, trad. A. Corbu, 10. Arad: Sf. Nectarie 2022.

7. Eliseos, Archimandrite. „Introduction", in The Way of the Orthodox spirit : Reflections on life in God, IX. Athens: Indiktos, 2009.

8. Emilianos, Bishop of Meloa. „An Interview on Elder Aimilianos of Simonopetra and Neptic Vigilance." *Orthochristian*, September 9, 2022. https://orthochristian.com/149316.html.

9. Iliya, Archimandrite. „Elder Aimilianos Through the Eyes of His Spiritual Children." *The Catalogue of Good Deeds*, 1 August 2021. https://catalog.obitel-minsk.com/blog/2021/08/did-not-our-hearts-burn-within-us-elder-aimilianos-through-the-eyes-of-his-spiritual-children.

10. Ieronim Simonopetritul, Arhimandritul. „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul,

Casa lui Dumnezeu poarta cerului, despre monahism, stareţ şi ucenic, trad. A. Corbu, 7-9. Arad: Sf. Nectarie 2022.

11. Monahul, Ieronim. „Prolog", u: Arhim. Emilianos Simonopetritul, Casa lui Dumnezeu poarta cerului, despre monahism, stareţ şi ucenic, trad. A. Corbu, 9-10. Arad: Sf. Nectarie 2022.

12. Simonopetrites, Maximos. "Charisma and Institution at an Athonite Cloister: Historical Developments and Future Prospects." in Friends of Mount Athos Annual Report (2007), 17-34.

13. Simonopetrites, Maximos. „Introduction", in The Way of the Orthodox spirit : Reflections on life in God, XI-XXI. Athens: Indiktos, 2009.

14. Simonopetrites, Maximos. „The Life and Teachings of Elder Aimilianos of Simonopetra." *The Orthodox Word* 296, No. 3 (2014): 105-151.

15. Simonopetritis, Serapion. „Biographical details by Hieromonk Serapion Simonopetritis." Pemptousia, 9 May, 2019. https://pemptousia.com/2019/05/elder-aimilianos-simonopetritis-has-departed-this-life/.

16. Vukašinović, Vladimir. „The Liturgical Framework of Serbian and Byzantine Religious Art", Sacral Art of the Serbian Lands in the Middle Ages, ур. Д. Поповић, Д. Војводић, 91-103. Београд: Serbian National Committee of Byzantine Studies: Službeni glasnik: Serbian Academy of Sciences and Arts, Institute for Byzantine Studies 2016.



Архимандрит Емилијан Симонопетриски.

Архимандрит Емилијан Симонопетриски помеѓу сестрите од сестринството на манастирот Ормилија.



Архимандрит Емилијан Симонопетриски помеѓу сестрите од сестринството на манастирот Ормилија.

Старец Емилијан и Преподобен Свети Ефрем Катунакиски.

Старец Емилијан со Старец Ефрем Филотејски.

Старец Емилијан со Преподобен Свети Ефрем Катунакиски и јеромонах Атанасиј Јевтиќ.



Светиот Манастир Преображение Господово (Голем Метеор).

Манастир „Свети Висарион“ (Дусик).

Свештен Манастир Симонопетра, Света Гора.

Свештен Манастир Симонопетра, Света Гора.

Свештен Манастир „Благовештение на Пресвета Богородица“ (Ормилија).



Портрет на Старец Емилијан.

Старец Емилијан служи Света Литургија во соборниот храм на Симонопетра.



Архимандрит Емилијан Симонопетриски

Стр. 87
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).

Стр. 88
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).

Стр. 89
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).

Стр. 90
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).

Стр. 91
(Фотографија: Архива на Наследство на пустината -
Институт за духовно и монашко наследство на Балканот).
(Фотографија: Архива на Наследство на пустината -
Институт за духовно и монашко наследство на Балканот).

Стр. 92
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).

Стр. 93
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).

Стр. 94
(Фотографија: Архива на Свештен Манастир Симонопетра).